РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА
СКОПЈЕ

ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТ

ЗА ПОВТОРНА АКРЕДИТАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ОД ИНТЕГРИРАНИ СТУДИИ ОД ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС ПО **ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

ИНСТИТУЦИЈА ПРЕДЛАГАЧ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА при
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Скопје, октомври 2017 год.

СОДРЖИНА

		страница
	Користени законски одредби	4
	Вовед	5
	Задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот и вториот циклус студии	7
	Карта на високообразовната установа	7
Прилог 1	Општи дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за студската програма од интегрираните студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина	14
Прилог 2	Специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето од интегрираните студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина	15
Прилог 3	Одлука за усвојување на Елаборатот за повторно акредитирање на студиската програма од Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје	19
Прилог 4	Одлука за усвојување на Елаборатот за повторно акредитирање на студиската програма од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје	21
Прилог 5	Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите	23
	Реализација на студиската програма	24
Прилог 6	Табеларен приказ на местото за реализација на студиската програма, простор и опрема	26
Прилог 7	Табеларен приказ на предметите во студиската програма прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина	35
	Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник (Прилог бр. 3)	47
Прилог 8	Податоци за наставниците кои изведуваат настава на студиската програма прв и втор циклус на интегрирани студии по Ветеринарна медицина (Прилог бр. 4)	328
Прилог 9	Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведувањето на настава по одредени предмети од студиската програма	455
Прилог 10	Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма	462
Прилог 11	Резултати од спроведената самоевалуација согласно со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската	468

	конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002)	
Прилог 12	Мислење на Елаборатот за повторна акредитација на студиската програма од Одборот за доверба и соработка со јавноста на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје	475
	Додаток на диплома за интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје	477

КОРИСТЕНИ ЗАКОНСКИ ОДРЕДБИ

Елаборатот за повторна акредитација на интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е во согласност со одредбите на:

1) Законот за високо образование на Република Македонија;
2) Правилникот за организација, работа, начинот на одлучување, методологијата, постапката за акредитација, критериумите и стандардите за акредитација, како и другите прашања во врска со работатат на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија;
3) Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
4) Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
5) Правилникот за донесување на студиски програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
6) Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии;
7) Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации.

Вовед

Според Директивите на Европската Унија 2005/36 (Directive 2005/36/EC of the European Parliament and of the Council of 7 September 2005 on the recognition of professional qualifications, *Official Journal of the European Union, L 255/22-142, 30.9.2005*) и 2013/55 (Directive 2013/55/EU of the European Parliament and of the Council of 20 November 2013 amending Directive 2005/36/EC on the recognition of professional qualifications and Regulation (EU) No 1024/2012 on administrative cooperation through the Internal Market Information System ('the IMI Regulation'), *Official Journal of the European Union, L 354/132, 28.12.2013*) професијата ветеринарен лекар (veterinary surgeon) спаѓа во регулирани професии и според член 38 од оваа Директива студиите по ветеринарна медицина треба да траат најмалку 5 години, така што не е можно организирање на одделни прв и втор циклус студии, туку мораат да бидат организирани како интегрирани студии (прв и втор циклус заедно). Со завршувањето на овие студии на студентите им се обезбедува директен влез во третиот циклус на универзитетските докторски студии. За студиите по ветеринарна медицина се пропишани точно дефинирани предмети со задолжителна теориска и практична настава која се одвива на факултетот, а кои се дадени во Анексот V.4 од Директивата 2005/36, односно Анексот V.4.1. од Директивата 2013/55.

Интегрираните студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина се изготвени според директивите на Европската Унија кои се однесуваат на едукацијата во областа на биотехничките науки, Болоњската декларација, Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии на „Св. Кирил и Методиј". За изготвувањето на истите беше изработен меѓународен проект „Унапредување на ветеринарната едукација во Р. Македонија" во рамките на Темпус-Фаре прогамата на Европската Унија (Joint European Project No CD_JEP-15017-2000 - "Improvement of Veterinary Education in the Former Yugoslav Republic of Macedonia" 2002-2003), во соработка со Ветеринарниот факултет од Гисен (Германија), Кралскиот „Дик" ветеринарен колеџ од Единбург (Шкотска - Велика Британија) и Ветеринарниот факултет во Копенхаген (Данска). Сите предмети кои се излистани во Анексот V.4 во Директивата на ЕУ 2005/36 се внесени во оваа студиска програма како задолжителни, а исто така е земено предвид да не се надмине вкупното оптоварување на студентите во текот на една учебна година, кое е исто така регулирано со членот 112, став 1 и 2 од Законот за високо образование. Вака изменетите и дополнети студии по ветеринарна медицина беа акредитирани од Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија (Решение бр. 12-107/1 од 19.11.2009 год.), и започнаа да функционираат во академската 2009/2010 година. Во 2011 година беа извршени извесни измени и дополнувања на студиската програма, кои, всушност, беа според одредбите на Националната рамка за професионални квалификации, по што таа беше реакредитирана од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија (Решение бр. 12-14/2 од 12.3.2013 год.).

Овој предлог-проект за повторна акредитација на интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус при Факултетот за ветеринарна медицина се поднесува врз основа на одредбите од Законот за високото образование, кои предвидуваат повторно акредитирање на студиските програми на секои пет години. Во него се земени предвид препораките на превизитацискиот тим од Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education – EAEVE, европско акредитациско тело од

областа на ветеринарната медицина), кој оствари консултативна посета на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во 2016 година, во врска со аспирациите на ФВМС за здобивање со меѓународна акредитација на студиската програма. Измените и дополнувањата во интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус содржани во овој предлог-проект се однесуваат на зголемување на фондот на часови на практичната настава (лабораториски вежби и теренска практика), како и на воведување на некои нови предметни програми, што досега ги немало, според стандардната оперативна процедура (СОП) донесена на Генералното собрание на EAEVE во Упсала (Шведска) во 2016 година.

Задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот и вториот циклус на студии

Карта на високообразовната установа

Назив на високообразовната установа	Република Македонија Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Факултет за ветеринарна медицина во Скопје
Седиште	ул. Лазар Поп Трајков бр. 5/7, Скопје
Вид на високообразовната установа	Јавна високообразовна установа
Податоци за основачот (на приватна високообразовна установа)	Собрание на Р Македонија
Веб-страница	Информации за студиската програма се достапни на веб-адресата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје http://ukim.edu.mk/ и на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје https://fvm.ukim.edu.mk/
Податоци за последната акредитација	Решение на Одбор за акредитација и евалуација на високото образование на РМ бр. 12-197/1 од 19.11.2009 год. и бр. 12-14/2 од 12.3.2013 год.
Студиски и научно-истражувачки подарачја за кои е добиена акредитација	Интегрирани студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус 4 Биотехнички науки 407 Ветеринарна медицина
Единици во состав на високообразовната установа	Ветеринарен институт Институт за храна Институт за репродукција и биомедицина
Број на студенти (првпат запишани)	35
Студиски програми што се реализираат во единицата која бара проширување на дејноста со воведување на нова/и, студиска/и програма/и	интегрирани студии прв и втор циклус по ветеринарна медицина докторски студии трет цилклус по ветеринарна медицина докторски студии трет циклус по безбедност на храна
Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, истражувањето и мобилноста на студентите	Факултетот за ветеринарна медицина интензивно работи на поттикнување на меѓународната соработка преку повеќе активности, односно преку склучување на договори за меѓусебна сораборка во рамките на веќе потпишаните договори на Универзитетот, како и преку сопствени договори со други ветеринарни факултети од странство. Мобилноста на наставниците и студентите се остварува врз основа на меѓународните договори во рамките на

	програмите ERASMUS PLUS и CEEPUS. Меѓународната размаена преку програмата CEEPUS се одвива преку меѓународната факултетска мрежа VetNEST, каде што Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е придружна членка од 2007 година. Од оваа година Факултетот редовно учествува со свои претставници на годишните собранија на оваа мрежа што секоја година ги организира различна членка на мрежата. Тука членките меѓусебно се информираат за евентуалните организациски промени, за напредокот во евалуацискиот процес од EAEVE, за воведување нови студиски програми итн., а исто така координаторите за програмата CEEPUS се договараат околу мобилноста, а се расправа и за други облици за соработка. Исто така, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје учествува како партнер во меѓународната факултетска мрежа VETistanbul Group уште од нејзиното формирање во 2013 година и има учествувано на сите досегашни конгреси организирани од оваа мрежа. Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје има долгорочна стратегија за здобивање на меѓународна акредитација за неговата студиска програма по ветеринарна медицина, поради што е придружна членка на EAEVE уште од 1996 година и редовно присуствува на годишните собранија на оваа асоцијација, а во 2016 година се реализираше консултативна посета на експертски тим од EAEVE. Исто така, Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје организира предавања на визитинг-професори од 500-те рангирани светски универзитети според Шангајската листа, врз основа на соодветните програми за визитинг-професори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.
Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и истражувачката дејност	Целокупната дејност (наставна, научно-истражувачка и апликативна) на Факултетот за ветеринарна медицина се одвива во сопствени објекти, со исклучок на наставата од предметот Биофизика, која се одвива на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, како и теренската и екстрамуралната практика, која

	се одвива во ветеринарни амбуланти, сточарски фарми и претпријатија од прехранбената индустрија со кои Факултетот има склучено договори за соработка. Факултетот за ветеринарна медицина располага со: 5 згради со вкупна површина 3660 m^2, 3 предавални (50, 40 и 30 места), 5 вежбални, 3 училници, библиотека, 15 лаборатории, 2 сали за секција, 1 клиника и 1 рентгенски кабинет.
Податоци за опремата за изведување на наставната и истражувачката дејност	Дадени се во Прилог А на овој документ.
Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања	33, и тоа: 14 редовни професори, 5 вонредни професори, 9 доценти, 1 виш научен соработник и 4 научни соработници
Број на соработнички звања	1
Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата	Последната надворешна еваулација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е спроведена во месец април 2011 година (последователна (follow up) евалуација), за период од четири години од 2006/2007 – 2009/2010, како и во октомври 2014 година за периодот од 2010/2011 – 2012/2013 година.година од страна на експертски тим определен од Европската асоцијација на универзитети (ЕУА). Во меѓувреме е завршена и нова самоеваулација и надворешна еваулација на УКИМ. Во октомври 2017 година е извршена последователна (follow up) евалуација на УКИМ за периодот 2013/2014 – 2015/2016 година.

Прилог бр. 1а	**Задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од третиот циклус на студии**

1.	Карта на високообразовната установа	
1а.	Општи дескриптори на квалификации за секој циклус на студии согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации	Прилог 1
1б.	Специфични дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации	Прилог 2
2.	Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно-научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа	Прилог 3
3.	Одлука за усвојување на студиската програма од Ректорската управа или Универзитетскиот сенат, односно Советот на научната установа	Прилог 4
4.	Научно-истражувачко подрачје, поле и област, каде припаѓа студиската програма	**4** Биотехнички науки **407** Ветеринарна медицина 40700 Анатомија на животни 40701 Биофизика 40702 Ембриологија 40703 Физиологија 40704 Хистологија 40705 Имунологија 40706 Микробиологија 40707 Молекуларна биологија 40708 Патолошка морфологија 40709 Патолошка физиологија 40710 Болести на преживни животни 40711 Болести на непреживни животни 40712 Болести на мали животни 40713 Болести на живина 40714 Болести на риби, пчели и дивеч 40715 Фармакологија и токсикологија 40716 Паразитни болести 40717 Заразни болести 40718 Радиобиологија

		40719 Хирургија 40720 Офталмологија 40721 Ортопедија 40722 Рентгенологија и физикална терапија 40723 Андрологија и вештачко осеменување 40724 Гинекологија и акушерство со стерилитет 40725 Терапија и здравствена заштита на животни 40726 Ендокринологија и биотехнологија во репродукцијата 40727 Зоохигиена 40728 Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло 40729 Здравствена заштита на животните од аспект на зачувување на животната средина 40730 Исхрана - диететика 40731 Управно ветеринарство 40732 Судска ветеринарна медицина 40733 Историја и етика, деонтологија во ветеринарната медицина 40734 Друго
5.	Вид на студиската програма (академски или стручни студии)	Академски студии
6.	Степен на образование	VII/2
7.	Цел и оправданост за воведување на студиската програма	Основна цел е изготвување на студиски програми кои се компатибилни, препознатливи и достапни за студентите од другите високообразовни институции, кои овозможуваат мобилност на студентите како на национално така и на интернационално ниво, а во согласност со препораките од Болоњската декларација. Студиските програми се оформени со почитување на меѓународните стандарди за соодветниот профил но исто-времено содржат елементи кои произлегуваат од потребите на индустрискиот сектор во Републиката и сугестиите од работодавателите.
8.	Години и семестри на траење на студиската програма	5,5 години 11 семестри
9.	ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот	330

10.	Начин на финансирање, а за приватните високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма	Буџет на Република Македонија и сопствени средства.
11.	Услови за запишување	Условите и начинот за запишување на студиите се во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирили Методиј“ во Скопје, како и со попрецизно утврдените критериуми објавени во Конкурсот од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
12.	Информација за продолжување на образованието	Студентите што ќе ги завршат интегрираните студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се стекнуваат со правото да се запишат на докторските студии од трет циклус по ветеринарна медицина и по безбедност на храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, како и на други соодветни докторски студии во земјата и во странство.
13.	Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите	Прилог 5
14.	Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма	ФВМС располага со 5 згради со вкупна површина од 3660 м^2, 3 предавални (50, 40 и 30 места), 1 информатичка училница, библиотека, 15 лаборатории, 1 клиника и 1 рентгенски кабинет.
15.	Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма	Прилог 6
16.	Предметни програми со информации согласно со членот 4 од овој правилник (Прилог бр. 3)	Прилог 7
17.	Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 5 од овој правилник (Прилог бр. 4)	Прилог 8
18.	Изјава на наставникот за давање согласност за учество за изведување настава по одредени	Прилог 9

	предмети од студиската програма	
19.	Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма	Прилог 10
20.	Информација за бројот на студенти запишување во првата година на студиската програма	50
21.	Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература	Факултетот има сопствена библиотека, обезбедена со најнова литература. Податоците за задолжителна и дополнителна литература се дадени во Прилог бр. 3 од овој овој документ.
22.	Информација за веб страница	http://www.ukim.edu.mk https://www.fvm.ukim.edu.mk/
23.	Стручниот односно научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма	Доктор по ветеринарна медицина (еквиваленто на магистер) / doctor of veterinary medicine – DVM (equivalent to master)
24.	Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата	Внатрешна и надворешна евалуација, анонимни анкети од страна на студентите
24а.	Резултати од спроведената самоевалуација согласно со Упатството за единствените основи на евалуацијата и евалуационите постапки на универзитетите донесено од Агенција за евалуација на високото образование во Република Македонија и од Интеруниверзитетската конференција на Република Македонија (Скопје-Битола, септември 2002)	Прилог 11

Дескриптори на квалификациите

Прилог 1

Прилог бр. 1а. Општи дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето за студската програма од интегрираните студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина	
Знаење и разбирање	Покажува знаење и разбирање за научното поле на ветеринарната медицина, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, со можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи за истражувачки цели. Покажува способност за употреба на проширено и продлабочено знаење. Покажува високо ниво на професионална компетентност во рамките на ветеринарната медицина во целина. Поседува знаења од повеќе области во рамките на ветеринарната медицина, кои се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле.
Примена на знаењето и разбирањето	Покажува способност за критичко, самостојно и креативно решавање проблеми на оригиналнен начин, на ниво на полето на ветеринарната медицина, или на мултидисциплинарно ниво.
Способност за проценка	Покажува способност за синтетизирање и интегрирање на знаењата стекнати не само во текот на студиите, туку и во текот на својот професионален ангажман. Покажува способност за справување со сложени прашања од стручен аспект, нивно солидно проценување дури и при некомплетни и ограничени информации, но со свест за личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка. Покажува способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и стручни вештини од ветеринарната медицина, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.
Комуникациски вештини	Покажува способност за размена на заклучоци, предлози и мислења со помош на аргументи и рационално поткрепување на истите, како со стручната, така и со пошироката јавност, јасно и недвосмислено. Преземање значителна одговорност како за личните, така и за заедничките резултати. Покажува способност за иницирање и за водење активности во рамките на своите стручни копметенции.
Вештини на учење	Покажува способност за препознавање на личната потреба за стално проширување на веќе стекнатите знаења и способност за самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки. Покажува способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување во рамките на ветеринарната медицина и пошироко.

Прилог 2

Прилог бр. 1б. Специфични дескриптори на квалификациите со кои се одредуваат резултатите од учењето од интегрираните студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина Квалификациите кои означуваат успешно завршување на прв и втор циклус интегрирани студии – 330 кредити (ЕКТС) се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификации. Овие квалификации се соодветни со препораките од Европската асоцијација на ветеринарни високообразовни установи (European Association of Establishments for Veterinary Education – EAEVE).	
Знаење и разбирање	- Покажува широко знаење и познавање на науките врз чии активности се потпираат ветеринарните доктори. - Покажува знаења за истражувачките методи кои се применуваат во базичните и во апликативните истражувања во сите аспекти на ветеринарната наука. - Покажува широко знаење за структурата и за функцијата на здравите животни и за нивното одгледување. - Покажува широко познавање на етиологијата, патогенезата, клиничките знаци, дијагностиката и третманот на вообичаените болести и нарушувања кои се јавуваат кај вообичаените видови домашни животни во ЕУ. - Покажува познавање на легислативата која се однесува на благосостојбата (вклучувајќи го транспортот) на животните и на болестите кои се пријавуваат. - Покажува познавање на легислативата за лекови и на упатствата за одговорно користење на лекови усвоени во земјите членки на ЕУ. - Покажува познавање на принципите на превенција на болестите и на унапредувањето на здравјето и благосостојбата. - Покажува познавање на проблематиката на јавното здравство вклучувајќи ги зоонозите.
Примена на знаењето и разбирањето	- Поседува способност за добивање точна и релевантна анамнеза за одделно животно или за група животни, како и за неговата/нивната околина. - Поседува способност за безбедно и хумано манипулирање со животното, и да ги насочува другите во користењето на овие техники. - Поседува способност за изведување целосен клинички преглед. - Поседува способност за згрижување на сите вообичаени видови домашни животно во случај на итност и да изведе основна прва помош (Проблемите со кои треба да се справи за било кој вид вклучуваат прва помош и справување со хеморагии, рани, тешкотии при дишење, повреди на очи и уши, губиток на свест, клинички повреди, изгореници, ткивни оштетувања, оштетувања на внатрешни органи и запирање на срцевата акција. Првата помош која треба да се примени вклучува превивање, чистење, имобилизирање на екстремитети, процедури за реанимација, контрола на хеморагии.). - Покажува способност за собирање, за чување и за транспортирање примероци. - Покажува способност за изведување стандардни лабораториски

	тестови, и за интерпретирање на резултатите како од тестовите извршени од него, така и на оние добиени од други лаборатории. - Покажува способност за користење радиографска, ултразвучна и друга техничка опрема која може да се користи како помош во дијагностиката, безбедно и во согласност со современите регулативи. - Покажува способност за примена на соодветните процедури по дијатностицирањето на заразни болести кои се пријавуваат и на зоонози. - Покажува способност за коректно вршење сертификација. - Покажува способност за пристапување кон соодветни извори на информации за регистрирани лекови. - Покажува способност за точно и одговорно препишување и растворање на лековите во согласност со релевантната легислатива и да осигура дека лековите и отпадоците се безбесно складирани и/или отстранети. - Покажува способност за правилна употреба на принципите за стерилизација на хируршка опрема. - Покажува способност за правилна употреба на принципите на асептична хирургија. - Покажува способност за безбедно изведување седцација, општа и локална анаестезија, и да ја смирува и контролира болката. - Покажува способност за советување и применување на правилен третман. - Покажува способност за хумано изведување еутаназија, користејќи соодветна метода, истовремено покажувајќи чувствителност кон емоциите на сопствениците и другите; да ја запази безбедноста на присутните; да советува за правилно отстранување на трупот. - Покажува способност за изведба на основен постмортален преглед, да ги евдентира деталите, да земе примероци од ткиво, и правилно да ги складира и транспортира. - Покажува способност за изведба анте- и постмортален преглед на животни наменети за исхрана и точно да ги идентификува условите кои влијаат врз квалитетот и безбедноста на продуктите од животинско потекло. - Покажува способност за добива и имплементирање на основната евиденција за здравјето и благосостојбата (и на производствената евиденција каде што е потребно). - Покажува способност за креирање и примена на превентивни и профилактички програми соодветни за видот (здравје на стадо) и да ги одржува прифатените здравствени стандарди, како и стандардите за благосостојбата и на јавното здравство, барајќи совет и помош од колеги ако е потребно. - Покажува способност за минимизирање на опасностите од контаминација, вкрстена инфекција и акумулација на патогените во просториите и во теренски услови.
Способност за проценка	- Покажува способност за проценување доказ. - Покажува способност за правилно интерпретирање на клиничкиот наод и негово поврзување со лабораториските и со визуелните дијагностички испитувања.

	- Покажува способност за точно проценување на нутритивниот статус на животното и способност да го советува клиентот за принципите на исхраната и сточарството. - Покажува способност за препознавање кога е потребна еутаназија.
Комуникациски вештини	- Покажува способност за ефикасно комуницирање со клиентите, за поставување јавни, професионални колегијални и одговорни прашања; да ги слуша ефикасно и да одговара сочувствително со нив, користејќи јазик во форма соодветна за нив. - Покажува способност за подготвување јасен извештај за случајот и да чува евиденција за пациентите во форма задоволувачка за колегите и разбирлива за јавноста. - Покажува способност за ефикасно работење како член на интердисциплинарна екипа. - Покажува свесност за етичките одговорности на ветеринарниот доктор во однос на грижата за пациентот и односот со клиентот, а исто така и погенерално во заедницата во однос на нивното можно влијание врз околината и целокупното општество. - Покажува свесност за економската и емоционалната клима во која работи ветеринарниот доктор, и соодветно одговара на влијанијата од таквите притисоци. - Покажува волја да ги користи своите професионални квалитети за да придонесе што е можно повеќе за напредокот на ветеринарната медицина со цел да се подобри ветеринарната практика и да се подобри квалитетот на грижата за животните, благосостојбата на животните, и јавното ветеринарно здравство. - Поседува основно знаење за организацијата и менаџментот на ветеринарната практика, вклучувајќи: o свесност за своите работни одговорности во однос на вработувањето и здравјето; o безбедностната легислатива, и позицијата во однос на кадарот и јавноста. - познавање како се пресметуваат цените и како се прават фактури, и на важноста од следење на системите за водење евиденција и книговодство, вклучувајќи: o компјутерска евиденција и извештаи; o способост ефикасно да користи информатичка технологија и да комуницира, дели, собира, манипулира и анализира информации; o важноста на усогласување со поставените стандарди и со политиката на практиката. - Делува професионално во однос на професионалните и законски одговорности ги разбира и употребува етичите кодекси на соодветните регулаторни тела. - Покажува способност да се справи со нејаснотии и да се адаптира на промени. - Покажува свесност за персоналните ограничувања, и демонстрира свест за кога и од кого да побара професионален совет, помош и поддршка. - Поседува основно познавање на ветеринарната практика.
Вештини на учење	- Покажува разбирање за професионалните должности, за посветеноста и континуираната едукација и обука, за потребата од

	професионален развој, во текот на целиот негов професионален живот.

ПРИЛОГ 3

Одлука за усвојување на Елаборатот за повторно акредитирање на студиската програма од Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
FACULTY OF VETERINARY MEDICINE SKOPJE

Број 0202- 1709/7
27.09.2017 година

Врз основа на член 41 став 1, алинеја 6 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 361 од 3.04.2017 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 27.09.2017 година ја донесе следната

О Д Л У К А

Член 1

Се усвојува Елаборатот за реакредитација на студиската програма на интегрирани студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на студии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Член 2

Студиската програма на интегрирани студии по ветеринарна медицина од прв и втор циклус на судии на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје да се достави за усвојување до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
1. Сенат на УКИМ
2. Архива

Декан,
Проф. д-р Лазо Пендовски

Адреса: Лазар Поп-Трајков 5-7,
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел: +389 2 3240 700
Факс: +389 2 3114 619
E-mail: fvms@fvm.ukim.edu.mk
Web: http://www.fvm.ukim.edu.mk

Тестирање
МКС EN ISO/IEC 17025
ЛТ – 006
Testing

Address: Lazar Pop-Trajkov 5-7,
1000 Skopje, R. Macedonia
Tel: +389 2 3240 700
Fax: +389 2 3114 619
E-mail: fvms@fvm.ukim.edu.mk
Web: http://www.fvm.ukim.edu.mk

ПРИЛОГ 4

Одлука за усвојување на Елаборатот за повторно акредитирање на студиската програма од Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ во СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 18.12.2017
Орг. Един. | Број: 03 2280 | Прилог: | Вредност:

Бр. 02-921
5.12.2017
Скопје

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 16.седница одржана на 5 декември 2017 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Предлог-проектот за измени и дополнувања на студиската програма од прв и втор циклус - интегрирани студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина

Член 1

Универзитетскиот сенат го усвојува Предлог-проектот за измени и дополнувања на студиската програма од прв и втор циклус - интегрирани студии по ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина.

Член 2

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно реакредитација. Проектот, во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕКТОРОТ
Проф. д-р Вујица Живковиќ

Доставено до:
- Факултет за ветеринарна медицина
- Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

Прилог 5: Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни предмети и дефиниран начин на избор на предметите

Како што беше погоре наведено, ветеринарната професија во Европската Унија спаѓа во регулирани професии, согласно со директивите на ЕУ 2005/36 и 2013/55. Во овие директиви се прецизно одредени предметите кои треба да се задолжителни (т.н. јадро, core): базични, предклинички и клинички, и тие се вклучени во првите десет семестри од оваа студиска програма. Освен нив, студентот треба да запише и совлада и дел од понудените изборни предмети, кои се предвидени во секоја година во различен опсег, исто така во првите десет семестри. Според карактерот се разновидни, т.е. покриваат различни области од ветеринарната медицина и претставуваат проширување на знаењата што студентите ги стекнуваат на задолжителните предмети. Во првите три студиски години студентите изборните предмети ги бираат по слободен избор, додека во четврта и петта година, во склоп на тенденцијата за специјализирана дообразба, на секој студент по слободен избор ќе му биде овозможено да избере одделни предмети од четирите групи на изборни предмети (1. домашни миленици; 2. фармски животни; 3. хигиена на анималните продукти и ветеринарно јавно здравство и 4. биологија и патологија на риби, пчели, дивеч и екологија). Некои од нив се понудени во различни семестри, еднаш избраниот предмет не може да се бира повторно во некој друг семестар. Изборните предмети вкупно ги има 60, од кои студентот избира севкупно 10-11 предмети, така што соодносот со задолжителните предмети кои се вкупно 52 изнесува 82 : 16. Согласно со членот 106, став 1 од Законот за високо образование, за организацијата на студиите на регулираните професии (во овој случај ветеринарната медицина) се прави исклучок од одредбите на Законот, и се дозволува истите да се регулираат со општи акти на Универзитетот и на единицата. Оваа законска одредба ги зема предвид спецификите и карактерот на студиските програми на регулираните професии, што во конкретниов случај ја исклучува примената на став 3 од членот 99 од Законот за високо образование, која го регулира процентот на изборни предмети. Од погоре изнесените причини, Факултетот за ветеринарна медицина не смее да внесе измени во структурата на студиските програми со кои 40% од предметите ќе бидат изборни (30% изборни предмети на факултетот и 10% од универзитетската листа), без да се наруши правилото на 30 кредитни поени, односно 450 часа по семестар, бидејќи со тоа ќе се доведе во прашање нивната усогласеност со европските прописи, како и препознатливоста на дипломите во Европа. Сите изборни предмети од оваа програма се дадени во заедничката листа на изобрни предмети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Табеларниот приказ на задолжителните и на изборните предмети е даден во Прилог 7.

Реализација на студиската програма

1. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма

Наставно-образовниот процес се изведува во просториите на Факултетот за ветеринарна медицина, освен наставата по предметот Биофизика која се изведува на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Факултетот располага со еден амфитеатар и три предавални со вкупно 160 седишта за реализирање на наставата. Предавалните се опремени со модерна аудио-визуелна опрема (видеобим, интерактивни табли) и персонални компјутери кои се поврзани на интерната мрежа на Факултетот и имаат пристап на Интернет.

За изведување на практичната настава на студентите им се на располагање 5 вежбални (вежбална за хемија, биохемија, физиологија и патофизиологија; вежбална за микробиологија, заразни болести и болести на живина; вежбална за паразитологија; вежбална за фармакологија и токсикологија и вежбална за внатрешни болести), 3 училници (микроскопска; училница за рентгенологија и компјутерска училница), 2 сали за секција (анатомска сала и обдукциска сала), како и 2 сали за клиничка настава и 1 сала за анестезија и операција во склопот на Универзитетската болница за домашни миленици. Во рамките на катедрата за функционална морфологија постои и лабораторија за пластинација во која се изработуваат трајни препарати за потребите од практичната настава по предметот Анатомија на животните.

Клиничко/теренската практика (тука спаѓа и екстрамуралната практика) се одвива во повеќе ветеринарни друштва, сточарски фарми и други претпријатија со кои Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје има склучено договор за таа намена.

Листата на опрема е дадена во **Прилог 6** од овој документ.

2. Предметни програми со информации (претходно доставени)

Наставниот план, како и податоците за одделните предметни програми во рамките на студиската програма се дадени во **Прилог 7** од овој документ. Начинот на изведување на наставата кај изборните предмети е генерално во вид на семинари (работа со помали групи) и/или практична настава (лабораториски/клинички вежби, теренска практика). Опционално, доколку за некој од изборните предмети се пријави поголем број на студенти, наставата по истиот наместо во вид на семинари може да се реализира со кабинетски предавања.

3. Список на наставен кадар со наведени податоци

Студиската програма на интегрирани студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина во целост ја изведуваат наставници вработени на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, освен за предметите Биофизика, за кој е ангажиран професор од Природно-математичкиот факултет во Скопје, предметот Биостатистика, за кој е ангажиран професор од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, и предметот Управно ветеринарство, за кој е ангажиран наставник од Економскиот институт, исто така од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Тоа се следниве наставници:

Наставници од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје

Редовни професори

- проф. д-р Ристо Проданов
- проф. д-р Мишо Христовски
- проф. д-р Велимир Стојковски
- проф. д-р Тони Довенски
- проф. д-р Влатко Илиески
- проф. д-р Пламен Тројачанец
- проф. д-р Владимир Петков
- проф. д-р Ромел Велев
- проф. д-р Дине Митров
- проф. д-р Игор Улчар
- проф. д-р Павле Секуловски
- проф. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу
- проф. д-р Благица Сековска
- проф. д-р Славчо Мреношки

Вонредни професори

- проф. д-р Горан Николовски
- проф. д-р Јована Стефановска
- проф. д-р Флорина Поповска-Перчиниќ
- проф. д-р Лазо Пендовски
- проф. д-р Деан Јанкулоски

Доценти

- доц. д-р Александар Додовски
- доц. д-р Игор Цаџовски
- доц. д-р Кирил Крстевски
- доц. д-р Никола Адамов
- доц. д-р Бранко Атанасов
- доц. д-р Ксенија Илиевска
- доц. д-р Искра Цветковиќ
- доц. д-р Ирена Целеска
- доц. д-р Сандра Мојсова

Наставници ангажирани од други факултети/институции:

- проф. д-р Жанета Попеска (Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство)
- проф. д-р Сузана Топузоски (Природно-математички факултет)
- проф. д-р Елена Давитковска (Економски институт)
- доц. д-р Трпе Ристоски (Институт за акредитација на Република Македонија)
- виш пред. м-р Сузана Симева (Факултет за физичко образование, спорт и здравје)

Податоците за наставниците ангажирани во наставата на интегрираните студии од прв и втор циклус по ветеринарна медицина од Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје се дадени во **Прилог 8** од овој документ.

ПРИЛОГ 6

Табеларен приказ на местото за реализација на студиската програма, простор и опрема

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА МЕСТОТО ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА, ПРОСТОР И ОПРЕМА

Табела 1: Простор и опрема за изведување на теориската и практичната настава

Простор	***Опрема***
Предавална 1	• компјутер • интерактивна табла
Предавална 2 (Амфитеатар)	• компјутер • видео бим • интерактивна табла
Предавална 3	• компјутер • видео бим
Вежбална за хемија, биохемија, физиологија и патофизиологија	• спектрофотометар Cecil CE2021
Вежбална за фармакологија и токсикологија	• Рутинска опрема за работа со експериментални животни • Опрема за мерење и регистрација на виталните параметри (крвен притисок, проток на гасови, инфузиони пумпи, ЕКГ и др.) кај експерименталните животни
Микроскопска училница	• 6 микроскопи Cruss • 1 микроскоп Nikon
Училница за рентгенологија	• 2 негатоскопи
Компјутерска училница со библиотека	• 10 компјутери • 70 едукативни компјутерски програми од CLIVE пакетот • библиотечен фонд од над 3000 книги, учебници, билтени, монографии, зборници, периодика и др. потребни учебни помагала
Анатомска сала	• 2 метални маси за секција • 2 сандаци за мрши • компјутер • видео бим
Лабораторија за пластинација	• Нарезница • Комори за замрзнување до -25°C, • Ацетонометер 0-100% • Ацетонометер 90-100% • Термометри • Вакум комора • Вакум пумпа, 16 m^3/h • Единица за подесување на вакум • Сепаратор за масло и раствори • Манометер • Дигитален вакум контролер • Комора за гасно зацврстување • Хемикалии (силикон, полиестер, ацетон, алкохоли, колор адитиви)
Обдукциска сала	• Обдукциска маса • Прибор за обдукција - Kruse • Дигестор • Термостат - Binder • Фрижидер за длабоко замрзнување (500 l) • Фрижидер, +4°C • Ексценератор - Крематориум
Универзитетска ветеринарна	• ЕКГ апарат CARDIOLINE ar 600adv • Ултразвук (EXO) Mindray, DP-6600 Vet • Клиничка ламба за преглед JorVet

болница за домашни миленици: Вежбална за внатрешни болести	• Отоскоп со офталмоскоп Krusse • Маси за преглед Krusse • Мерач за специфична тежина на урина Krusse • Електронска вага за мерење Krusse • Стерилизатор Sutjeska • Масички за лекови и инструменти Krusse
Универзитетска ветеринарна болница за домашни миленици: Анестезиска сала и сала за операции	• Апарат за инхалациона анестезија за мали животни со составни и резервни делови Matrx • Вентилатор Surgivet • Термокаутер Koagol 150 • Монитор за витални функции ЕЦГ, пулсоксиметар, капнограф со респираторен и неинвазивен венски притисок Mindray, MEC 1200 Vet • Перфузор JorVet, J-1060 • Инфузиска пумпа JorVet, J-1047 • Ултразвучен апарат за чистење на заби Bonart medical, ART-M1 • Негатоскоп JorVet, J-1022 • Хируршка ламба Dr. Mach • Хируршка маса Krusse • Количка за пациенти Jorvet • Стативи за инфузија Krusse • Хируршки сет за стандардни хируршки интерцвенции Krusse
Опрема за теренска настава	• Хируршки сет за стандардни хируршки интерцвенции Krusse • Сет за корекција на чапунки Krusse • Хируршки сет за говеда

Табела 2: Простор и опрема за изведување на научно-истражувачката работа

Простор	***Опрема***
Лабораторија за серологија и молекуларна дијагностика (за серолошки испитувања)	• ЕЛИСА (ELISA) читачи ▪ BDSL Immunoscan PLUS ▪ HumaReader HS • Тресалка со инкубатор ▪ Heidolph TITRAMAX 1000/INKUBATOR 1000 • Водени бањи ▪ MEMMERT 350W ▪ P SELECTA • Микротитрациски пипетори • Фрижидери за разладување (4 C°), замрзнување (-24 C°) и длабоко замрзнување (-80 C°)
Лабораторија за серологија и молекуларна дијагностика (за молекуларна дијагностика, PCR)	• Ламинарни комори TERMOVENT FASTER BH-EN 2003 TELSTAR • Центрифуги MIKRO 120 EPPENDORF • Вортекси VWR International Heidolph • Термоциклусни читачи BIO RAD IQ5 RT-PCR TECHNE TC-412 • Системи за гелелектро фореза (ГЕФ/GEF) VWR BIO RAD PowerPac Basic • Ултравиолетов (УВ/UV) читач VWR GenoView

	• Секвенционер Applied Biosystems ABI PRISM 310 Genetic Analyzer • Микротитрациски пипетори • Фрижидери за разладување (4 C°), замрзнување (-24 C°) и длабоко замрзнување (-80 C°)
Лабораторија за бактериологија[1]	• Флуоресцентен микроскоп -Olympus • Ламинарна комора - Telstar • Термостат - Сутјеска • Фрижидер на -20˚C Горење • Фрижидер - Frinki • Фрижидер - Celex • Магнетна мешалка - Technica
Лабораторија за вирусологија	• Водена бања-Сутјеска • Инвертен микроскоп - Kruss • Центрифуга- eppendorf • Ламинарна комора - Thermo • Инкубатор за клеточни култури - Thermo • Инкубатори за јајца (2) -Brinsea • Ламинарна комора - Fast • Центрифуга - Hettich micro 200 • Инвертен микроскоп со флуоресценција - Hund • Центрифуга -Sigma • CO_2 инкубатор - Leec • едноканални и повеќеканални пипетори • Фрижидер на -80˚C -(II Shin)
Лабораторија за паразитологија[2]	• микроскоп Eclipso 600 Nicon • микроскопи Nicon-3 • термостат Сутјеска • центрифуга - Labofuge 200 со фиксен ротор • центрифуга Hettich universal 32 • фрижидер – Горење • стерилизатор - Инструментариа-Загреб • магнетна мешалка Technica • Baermanov apparatus • Mc masterovi комори • плоча за загревање- mini-tube
Лабораторија за проценка на благосостојба на животните	• Апарат за мерење на бучава Class 2 optimus Integrating Sound Level Meter Kit, Audio Recording, Data logging CIRRUS • Апарат за мерење на квалитет на воздух- за мерење темература, влага, барометарски притисок, CO2 Testo 435-2 multi-function instrument • Апарат за мерење на гасови метан, сулфур-водород, јаглероден моноксид, амонијак, кислород Multi Rae Lite pumped CH_4, O_2, H_2S,CO, NH_3
Лабораторија за микробиологија на храна и добиточна храна	• RT-PCR, • PFGE, • Vitek 2, • бројач на колонии, • автоклави, • стерилизатори, • инкубатори, • стомахер,

[1] Опремата од оваа лабораторија се користи и за подготовка на нагледниот материјал за практичната настава по предметите Микробиологија, Заразни заболувања и Болести на птиците

[2] Опремата од оваа лабораторија се користи и за подготовка на нагледниот материјал за практичната настава по предметот Паразитологија и паразитни заболувања

	• дилумахери, • микроскопи, • водени бањи, • лиофилизатор, • центрифуги, • спектрофотометар, • ламинарни комори, • дестилатори и дејонизатори на вода, • фрижидери, • замрзнувачи, • ваги, • лабораториски мебел со потребна инсталација за работа, • лабораториски инвентар со хемикалии, • потрошен материјал и друга помошна опрема
Лабораторија за резидуи и контаминенти[3]	• Гасен хроматограф со ЕЦД и ФИД Hewlett Packard 5890 Series II, • Headspace sampler- Hewlett Packard 649E , • Атомски апсорпсциски спектрометар со пламена фотометрија AAS Analyst 400 Perkin Elmer, • Атомски апсорпциски спектрометар со графитна печка AAS Analyst 600 Perkin Elmer, • Техничка вага , • Систем за анализа на жива, • Спектрофотометар, • Гасен хроматограф со масен детектор- Varian 3900, • Азотен евапоратор, • Хомогенизатор, • Ултратурекс хомогенизатор, • Вакуум пумпа, • Центрифуга, • Мешалка, • Гасен хроматограф со масен детектор – Hewlett Packard 5890 Series II, ELISA Reader , • Водена бања, Вортекс мешалка за епрувети, • Магнетна мешалка, • pH метар, • ELISA китови, • Лабораториски мебел со дигестори и со потребната инсталација за работа, • Лабораториски инвентар (стакларија), • хемикалии и друга помошна опрема.
Лабораторија за квалитет на храна и добиточна храна[3]	• Дигестор – Faster • Влагомер – Sartorius • Сушница – Binder GmbH • Стерилизатор – Instrumetaria Zagreb • Центрифуга – Funke-Dr.N.Gerber • Водена бања – Techne • Грејна облога- Hozic Електромеханика Крањ • Грејна облога – Hozic • Електрично решо – Schott Instruments • Решо – Schott Instruments • Песочна бања – Inko • Песочна бања – J.P. selecta • Печка за жарење – SNOL

[3] Опремата од овие лаборатории се користи и за подготовка на нагледниот материјал за практичната настава по предметите од областа Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло.

	• Апарат за спалување на протеини – Gerhardt • Аналитичка вага – Sartorius • Аналитичка вага – Sartorius • Техничка вага – Tehtnica • Хектолитарска вага – Kitt Electric Laboratory • Вакум пумпа – Sartorius • Апарат за дестилација на протеини – PBI • Рефрактометар • Сахаромат-полароид – Shmidtt+Haenchs • Спектрофотометар – Perkin Elmer • Сахарофлекс - Shmidtt+Haenchs • Диспензер – Brand • Диспензер – OPTIFIX • Апарат за дестилација на вино – Gibertini Elettronica SRL • Титратор – Metrohn • Фрижидер – Gorenje • pH-метар – Sartorius • Фрижидер за длабоко замрзнување • Ламинарна комора
Лабораторија за квалитет на суровото млеко	• FOSS Milkoscan 4000: апарат кој врши хемиска анализа на млекото (масти, протеини, лактоза, суви материи); • FOSS Fossomatic 5000: апарат за броење на соматските клетки во млекото; • FOSS Bactoscan 8000 S: апарат за одредување на вкупниот број на микроорганизми во млекото; • Funke Gerber Cryostar I: инструмент кој ја одредува точката на смрзнување на млекото т.е. процентот на додадена вода; • DSM Delvo test: тест за утврдување на присуство на инхибитори (антибиотици) во млекото
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** од предметот Исхрана на домашните животни има за цел да ги запознае студентите со општата карактеристика на растенијата и другите храни кои се користат во исхраната на животните, нивната хранлива вредност, сварливоста, и биолошката вредност; Изучување на потребите кај животните во хранливи и биолошки активни состојки, нивното дејство врз процесите во одржувањето на основните физиолошки функции и продукцијата (производство на месо, млеко, јајца, волна, за работа), како и можноста за подмирување на потребите на што поедноставен, рационален, одн. економски начин. За остварување на овие цели се користат сознанијата на другите научни дисциплини, како што се: хемијата, биохемијата, физиката, физиологијата, микробиологијата, ботаниката, науката за особините на почвата, патологијата, економијата, итн. **Практичната настава** има за цел да ги запознае студентите со: земање на мостри; определување на хемискиот состав на храната; скробен еквивалент, мерни единици; запознавање на храните; хигиенска проценка на храните; составување на оброк за разни видови и категории на животни; анализа и корекција на оброкот. **Теренски** - посета на мешалка за добиточна храна.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Вовед. Основни хранливи материи. Вредност на храната. Добиточна храна. Конзервирање на храна. Зрнести храни. Споредни производи. Анимални храни. Минерални храни. Додатоци. Крмни смески и подготовка на храните. Антинутритивни материи. Општи потреби кај животните. Исхрана на говеда. Исхрана на овци и кози. Исхрана на свињи. Исхрана на коњи. Исхрана на живина. Исхрана на месојади. Исхрана на лабораториски животни. Исхрана на риби. **Практична настава** Земање на мостри. Определување на хемискиот состав на храната. Скробен еквивалент. Запознавање на храните. Хигиенска проценка на храните. Составување на оброк за разни видови и категории на животни. Анализа и корекција на оброкот. Посета на мешалка за производство на добиточна храна и посета на објекти со практично покажување на исхрана на говеда, свињи и живина			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во група со дискусија и ангажирање на студентите со семинарски теми) Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**	**220 часа**		
14.	**Распределба на расположливото време**	III семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа) IV семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа)		

<table>
<tr><td rowspan="4">15.</td><td rowspan="4">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>75 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>85 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување
Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност на практичната настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Семинарски труд</td><td>6</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки (три)</td><td>30</td><td>60</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>60</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>18.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="2">За да се пристапи кон завршниот испит студентот е потребно да освои минимум 50 бодови од теориската, практичната настава и трите континуирани проверки. Во случај кога студентот низ континуираната проверка на знаењето не покажал резултат на една проверка на знаењето, а освоил бодови само за теориска и практична настава, пристапува кон комплетен завршен испит.</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со кои што освојува бодови како дел од завршното оценување.
Континуирана проверка на знаењето (три): писмено
Прва проверка: Исхрана на домашните животни - општ дел
Втора и трета проверка: Исхрана на домашните животни - специјален дел</td></tr>
<tr><td rowspan="2">22.</td><td colspan="2">Литература</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>22.1</td><td>Задолжителна литература</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

		1. Проданов Р., Исхрана на домашните животни-општ дел (скрипта-материјал за интерна употреба); 2. Катерина Благоевска, Практикум за вежби (материјал за интерна употреба) 3. Каливода М., Крмива, Загреб -1990; 4. Јовановиќ Р. Исхрана домаќих животиња, Нови Сад -1993; 5. Десанка Коларски, Основи исхране домаќих животиња, Београд - 1995; 6. Радовановиќ Т. и сор., Исхрана домаќих животиња, Чачак -1997; 7. Јовановиќ Р., Исхрана домаќих животиња, Нови Сад - 2001; 8. Џукиќ Д., Биљке за производњу сточне хране, Нови Сад - 2002; 9. Јовановиќ Р., Исхрана крава, Нови Сад -1998; 10. Јовановиќ Р., Исхрана оваца, Нови Сад - 1996; 11. М. Маркевиќ, Н. Џорџевиќ. Г. Грубиќ и Ж. Јокиќ: Исхрана домакиќ животиња, Beograd-Zemun, 2004, 12. Steven leeson and John D. Summers, Commercial Poultry Nutrition –s econd edition, Ontario, 1997; 13. N. J. Daghir, Poultry production in Hot Climates, CAB International 1998; 14. Steven leeson and John D. Summers, Nutrition of the chikens, Ontario - 2001.
	22.2	**Дополнителна литература**

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Сточарство**		
2.	**Код**	**ФВМ213**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Втора година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**8,8**
8.	**Наставник**	**доц. д-р Никола Адамов**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Ислушани сите предмети од I и II семестар. Одработена клиничка/теренска практика во I година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** од предметот Сточарство има за цел да ги запознае студентите со теориската основа и главните принципи и методи за унапредување на главните сточарски гранки: говедарство, овчарство, козарство, свињарство, живинарство и коњарство. Во рамките на секоја од овие посебни сточарски гранки, студентите ке имаат можност да се запознаат со основните биолошки и производствени карактеристики на различните типови и раси на домашни животни, технологијата на нивно одгледување, главните сточарски производи кои од нив се добиваат, како и постапките за нивно практично подобрување. На овој начин, на идните доктори по ветеринарна медицина ќе им биде овозможено подобро да се запознаат со главните фактори од кои зависи едно оптимално сточарско производство, а кои се специфични за секоја гранка поодделно, така што тие во иднина ке бидат способни за конкретна примена на стекнатите знаења во практични услови. **Практичната настава** од предметот Сточарство има за цел да ги запознае студентите со: постапките и методите кои се употребуваат за решавање на конкретни проблеми од сточарското производство; главните раси и типови на домашни животни, нивната намена, екстериерен изглед, генетска конституција, различните начини на одгледување, како и			

	мерките за унапредување на производството на овие животински врсти. Теренската настава, која ке опфати посета на неколку фарми во државата, има за цел да им овозможи подобро запознавање на студентите со специфичностите во технологијата на сместување и одгледување на поодделните врсти и раси на домашни животни, кои пак како главни фактори за одржување на оптимална здравствена состојба на одгледуваната популација, директно ја условуваат ефикасноста на секое сточарско производство.	
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Економско значење и потекло на говедата. Сродници на говедата. Раси (генотипови) на говеда. Размножување на говедата и одгледување на телиња. Производство на млеко и месо. Можности за генетско подобрување на говедата. Методи на одгледување на говедата. Економско значење и потекло на овците. Раси на овци. Размножување на овци. Селекција и одгледување на овци. Методи на одгледување на овци. Производство на млеко, месо и волна. Економско значење и потекло на козите. Раси на кози. Размножување на козите. Селекција во козарството. Методи на одгледување на козите. Економско значење и потекло на свињите. Раси и типови на свињи. Размножување на свињите. Селекција во свињарското производство. Методи на одгледување на свињите. Технолошки фази во свињарското производство. Економско значење и потекло на живината. Раси и хибриди на кокошки. Раси и хибриди на мисирки. Раси на бисерки (морки), гуски и пајки. Производство на конзумни јајца и бројлерско месо. Селекција во живинарското производство. Потекло и еволуција на коњот. Раси на коњи. Сродници на коњите. Оценка на екстериерот. Методи на одгледување на коњите. Употребна вредност и сместување на коњите **Практична настава** Економско значење и потекло на говедата. Сродници на говедата. Раси на говеда. Размножување на говедата и одгледување на телиња. Производство на млеко и месо. Можности за генетско подобрување на говедата. Методи на одгледување на говедата. Економско значење и потекло на овците. Раси на овци. Размножување на овците. Селекција и одгледување на овци. Методи на одгледување на овци. Производство на овчо млеко, месо и волна. Економско значење и потекло на козите. Раси на кози. Размножување на козите. Селекција во козарството. Методи на одгледување на козите. Економско значење и потекло на свињите. Раси на свињи. Размножување на свињите. Селекција во свињарското производство. Методи на одгледување на свињите. Технолошки фази во свињарското производство. Економско значење и потекло на живината. Раси и хибриди на кокошки. Раси и хибриди на мисирки. Бисерки (морки), гуски, и пајки. Производство на конзумни јајца и бројлерско месо. Селекција во живинарското производство. Потекло и еволуција на коњот. Раси на коњи. Сродници на коњите. Оценка на екстериерот на коњите. Методи на одгледување на коњите. Употребна вредност и сместување на коњите	
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби, теренска настава и други облици на работа во помали групи Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.	
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**	**220 часа**
14.	**Распределба на расположливото време**	III семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа) IV семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа)

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="3">Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>100 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување
Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност на практична настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Семинарски труд</td><td>6</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Прва континуирана проверка</td><td>0</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Втора континуирана проверка</td><td>0</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Трета континуирана проверка</td><td>0</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Четврта континуирана проверка</td><td>0</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>0</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>30</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td>Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="2">Услов за добивање на потпис од предметниот наставник на крајот на семестарот е минимално присуство на 12 часови теориска и практична настава поодделно.
За да се пристапи кон полагање на завршниот испит, студентот треба претходно да ги има положено Биостатистика и Биологија на клетка.</td></tr>
<tr><td>20.</td><td>Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски</td></tr>
</table>

21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови од кои се формира финалната оценка. **Континуирани проверки на знаењето (четири):** писмено Прва проверка: Говедарство Втора проверка: Овчарство и козарство Трета проверка: Свињарство Четврта проверка: Живинарство и коњарство **Завршен испит:** устен
22.	**Литература**	
	Задолжителна литература	
	22.1	1) С. Јовановиќ, Мила Савиќ, М. Вегара (2005): Сточарство (фармске животиње). Универзитет у Београду, Факултет ветеринарске медицине. 2) Н. Митиќ, Ј. Ферчеј, Д. Зеремски, Љ. Лазаревиќ (1987): Говедарство (монографско дело). Завод за уџбенике и наставна средства - Београд. 3) Т. Трајковски, Ѓ. Буневски (2006): Говедарство. Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје. 4) М. Крајиновиќ, С. Савиќ (1992): Овчарство и козарство. Универзитет у Новом Саду, Пољопривредни факултет. 5) М. Уремовиќ, З. Уремовиќ (1997): Свињогојство. Агрономски факултет Свеучилишта у Загребу. 6) Б. Супиќ, Н. Милошевиќ, Т. Чобиќ (2000): Живинарство. Универзитет у Новом Саду, Пољопривредни факултет. 7) Н. Пејиќ (1996): Коњ (Equus caballus). Пољопривредни факултет, Нови Сад.
	22.2	**Дополнителна литература**
		1) Р. Лазаревиќ (2003): Савремено говедарство. Универзитет у Новом Саду, Технолошки факултет. 2) П. Цапут (1996): Говедарство. "Целебер" д.о.о. - Загреб. 3) Н. Козаровски (1998): Овчарство и козарство. Универзитет "Св. Климент Охридски"-Битола, Виша земјоделска школа. 4) М. Петровиќ (2000): Генетика и оплемењивање оваца. ИТП Научна- Београд. 5) С. Митровиќ (1996): Врсте, расе и хибриди живине. Универзитет у Београду. 6) Т. Периќ (2003): Савремена производња свиња. Невен, Земун. 7) Ц. Мекиќ, Д. Латиновиќ, Г. Грубиќ (2007): Одгајивање, репродукција, селекција и исхрана оваца (момографија). Универзитет у Београду, Пољопривредни факултет. 8) S. Leeson and J.D. Summers (2009): Broiler Breeder Production. Nottingham University Press. 9) D. L. Hartl and A. G. Clark (1997): Principles of Population Genetics (third edition). Sinauer Associates, Inc. 10) C.J.C. Phillips (2001): Principles of Cattle Production. CABI Publishing. 11) W.S. Klug, M.R. Cummings, C.A. Spencer (2006): Concepts of Genetics, eight edition. Pearson Education, Inc.

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**		
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Анимална хигиена**	
2.	**Код**	**ФВМ214**	
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**	
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Втора година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **7,9**
8.	**Наставник**	**доц. д-р Александар Додовски**	

9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I и II семестар. Одработена клиничка/теренска практика во I година.
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориска настава** Основна цел на наставата по предметот Анимална хигиена е стекнување на знаења за влијанието на околината и хигиенските услови врз здравствените и производните капацитети на животните. Со овој предмет студентите ќе обезбедат соодветен приод при анализата на падот на производството, абнормалното однесување и болестите кај животните во нивните комплексни интеракции со околината (животната средина) и истовремено да создадат поволни хигиенски услови во кои животните добро ќе се чувствуваат, одржувајќи го здравјето на највисоко ниво, а продукцијата и репродукцијата на животните максимално можно ниво при нивното одгледување и експлоатација. Во рамките на овој предмет е се обрне внимание на санитацијата и превенцијата од појава на болести во процесот на одгледување на животните, со што идните доктори по ветеринарна медицина ќе бидат оспособени за комплетна имплементација, надзор и контрола на биосигурносните, дезинфекционите, дезинсекционите и дератизационите мерки во објектите за одгледување на домашните животни. **Практична настава** Запознавање на студентите со практичните аспекти на испитувањето и оценувањето на микроклиматските услови во објектите за домашни животни. Меѓусебната интеракција на околината и животните, топлотниот биланс и вентилационите капацитети во објектите. Хигиенската проценка на почвата, водата и техничко-технолошки нормативи за различни видови домашни животни. Во вториот дел од практичната настава особено внимание ќе се посвети на мерките на Биосигурност и HACCP стандардите на фармите за домашни животни, како и практична примена на мерките за хигиена и санитација (дезинфекција, дезинсекција и дератизација) при одгледувањето на животните, анималната индустрија и превенцијата од болести.	
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Развој, предмет и практично значење на зоохигиената во сточарството. Основни поими од екологијата. Значење на сончевата светлина во сточарството. Хигиена на воздушната средина. Хигиена на почвата. Хидролошко – педолошки односи во хигиената. Снабдување со вода и хигиена на водата. Меѓусебен однос на организмот и околината. Хигиена на храната и исхраната. Хигиенска оценка на крмивата. Хигиена на пасишта и напсувањето. Општи хигиенско-технички принципи при градба на објекти во сточарството. Хигиена на сместувањето, одгледувањето и експлоатацијата на говедата. Хигиена на сместувањето и одгледувањето на коњите. Хигиена на сместувањето и одгледувањето на свињите. Хигиена на сместувањето и одгледувањето на овците. Хигиена на сместувањето и одгледувањето на козите. Хигиена на сместувањето и одгледувањето на живината. Хигиена на одгледување на зајаци. Хигиена на молзењето и превентива на болестите на млечната жлезда. Хигиена на одгледување на младите животни. Хигиена на работни животни. Хигиена на транспорт на домашните животни. Хигиена на телото на животните. Хигиенско - санитарни и превентивни мерки во сточарството. Дезинфекција. Дезинсекција. Дератизација. Дезодорација. Употреба на хемиските средства за ДДД и заштитата на животната средина. **Практична настава** Меѓусебни односи на животните и надворешната средина. Влијание и одредување на физичките својства на воздухот (температура, влажност). Влијание и одредување на физичките својства на воздухот (движење на воздухот, притисок, бучава). Влијание и одредување на хемискиот состав на воздухот. Влијание и одредување на прашина во воздухот. Влијание и одредување на микроорганизми во воздухот. Видови, начини и принципи на вентилација. Вентилација кај поедини видови на домашни животни. Одредување на сончевата	

	радијација и осветленоста на објектите. Топлински биланс на домашните животни. Топлински биланс на објектите за домашни животни. Влијание на почвата врз домашните животни и животната средина. Одредување на поедини својства на почвата (земање проби, физички и хемиски својства на водата). Одредување на поедини својства на почвата (бактериолошко испитување, хигиенска оценка и хлорирање на водата). Влијание на водата врз домашните животни и животната средина. Практични аспекти при напојување на домашните животни. Одредување на поедини својства на водата. Практични хигиенски аспекти кај поважните видови животни. Принципи на биосигурност. Мерки на биосигурност – практични примери. Дезинфекција – механизам, видови и фази. Методи на дезинфекција. Применета дезинфекција. Дезинсекција -Поважни паразити и штетници. Дезинсекција – видови и методи. Интегрирано справување со штетници - инсекти. Биолошко – морфолошки карактеристики на глодарите. Методи на дератизација. Интегрирано справување со штетници - глодари. Опрема и заштита при ДДД			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивни предавања во голема група со дискусија, презентации на студенти и нивно дополнително активирање Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи, посети на терен, домашни работи и презентации Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**197,5 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		III семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа) IV семестар Теориска настава: 1 час/неделно (15 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**45 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**77,5 часа**
17.	**Начин на оценување**			

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	*Бодови*	
	минимум	*максимум*
Присуство на теориска настава	10	12
Присуство на практична настава	7	9
Активност на теориска настава	0	3
Активност на практична настава	2	6
Семинарски труд	6	10
Континуирани проверки – (теориски дел) 2 (1+1)	2x6 (12)	2x10 (20)
Континуирани проверки – (практичен дел) 2(1+1)	2x6(12)	2x10 (20)
Завршен испит	11	20
Вкупно:	**60**	**100**

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**
19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Студентот е должен да освои најмалку 6 бодови (60%) од секоја континуирана проверка за да се смета дека истата ја положил и да се стекне со правото освоените бодови да бидат составен дел од вкупниот бодовен систем за предметот. Право на завршен испит има студентот кој се стекнал со право на потпис и ги положил сите континуирани проверки. Студентот кој во текот на учебниот семестар освоил најмалку 60 бодови по сите основи и е задоволен со постигнатиот успех има право да избере да не го полага завршниот испит, а доколку не е задоволен со постигнатиот успех со завршниот испит може да добие повисока оценка по наставниот предмет.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**	

21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**		Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (две):** писмено Прва проверка (теориски дел): општо хигиена и екологија, микроклиматски услови во објекти за домашни животни, хигиенско-технички принципи при градба на објекти во сточарството Прва проверка (практичен дел): микроклиматски услови во објетки за домашни животни, регулација на микроклиматски услови, хигиенска оценка на квалиетот на почва и вода Втора проверка (теориски дел): хигиена и санитација во сточарството Втора проверка (практичен дел): биосигурност и практични аскпекти на дезинфекција, дезинсекција и дератизација **Завршен испит:** писмен или устен **Комплетен завршен испит:** писмен или устен (вклучува една или две континуирани проверки)
22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		1. Мациров Ж.: Зоохигиена, Скопје, 1997 2. Мациров Ж.: Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сточарството и ветеринарната медицина, Скопје, 1999 3. Мациров Ж.: Практикум по зоохигиена, Скопје, 1997 4. Раденковиќ Б.: Практикум из Зоохигијене, Београд, 1998 5. Христов С.: Зоохигијена, Београд, 2002 6. Асај А.: Хигијена на Фарми у околишу, Загреб, 2003 7. Нецоб Н. и Тодор С.: Ветеринарна хигиена, Софија, 1999 8. Асај А.: Дезинфекција, Загреб, 2000 9. Асај А.: Дератизација у пракси, Загреб, 1999 10. Асај А.: Здравствена дезинсекција у настамбама и околишу, Загреб, 1999 11. Извадоци од стручна литература, интернет	
	22.2	**Дополнителна литература**	

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**	
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Микробиологија**
2.	**Код**	**ФВМ215**
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**

5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Втора година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**9,6**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Славчо Мреношки** **доц. д-р Искра Цветковиќ**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I и II семестар. Одработена клиничка/теренска практика во I година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** од овој предмет ги изучува основите на ветеринарната микробиологија како и генетиката од микробиолошки аспект. Предметот се состои од неколку тематски целини. Во првата (вирусологија и приони) која се изучува во третиот семестар, студентите ќе стекнат општи знаења за вирусите од аспект на нивната градба, репликација, интеракција со клетката-домаќин, вируленција итн. и ќе ги изучуваат најзначајните анимални вируси поделени по соодветни фамилии и болестите кои тие ги предизвикуваат. Тука е опфатена и генетиката на микроорганизмите и практичната примена на генетскиот инжинеринг, за на крај да се изучуваат основите на прионската биологија како и најзначајните прионски болести. Во втората тематска целина (бактериологија и микологија), која се изучува во четвртиот семестар, студентите ќе стекнат општи знаења за бактериите од аспект на нивната градба, размножување, исхрана и метаболизам итн. а ќе се изучуваат и најзначајните видови бактерии од ветеринарна и зоонозна гледна точка и заболувањата кои тие ги предизвикуваат. Во вториот дел од предавањата во овој семестар, студентите ќе ги изучуваат општите карактеристики на габите заедно со најзначајните заболувања за ветеринарната медицина кои тие ги предизвикуваат. На овој начин, на идниот доктор по ветеринарна медицина ќе му биде овозможено да се здобие со основните знаења за патогените микроорганизми, што е неопходен предуслов за понатамошниот тек од неговото студирање каде истите ќе се изучуваат од аспектот на болестите кои тие ги предизвикуваат кај животните. Исто така, со презентирање на микробната генетика и особено генетскиот инжинеринг, студентите ќе се запознаат со користењето на микроорганизмите во овој интересен и се повеќе користен сегмент од науката. **Практичната настава** е исто така поделена во две целини, кои произлегуваат од претходно наведената поделба. Вежбите во третиот семестар, имаат за цел да ги запознаат студентите со основните лабораториски техники за детекција и дијагноза на вирусите и прионите, како и со принципите на дијагностицирање на најважните прионски и вирусни болести кај поедини видови на домашни животни од теренски и лабораториски аспект. Вежбите во четвртиот семестар, има за цел да ги запознае студентите со основните лабораториски техники за детекција и дијагноза на бактериите и габите, како и со принципите на дијагностицирање на најважните бактериски и габични болести кај поеденитите видови на домашни животни од теренски и лабораториски аспект			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Структура и состав на вирусите. Класификација и номенклатура. Репликација на вирусите. Генетика. Генетски инжинеринг. Генетика и еволуција на вирусите. Интеракција вирус-клетка. Механизми на инфекцијата и ширењето на вирусите во организмот. Детерминанти на вирусната вируленција и резистенцијата / осетливоста на организмот домаќин. Патогенеза на вирусните болести. Вирусна онкогенеза (краток приказ на најважните онкогени вируси). Превенција и контрола на вирусните болести, вакцини и антивирусни лекови. Poxviridae. Adenoviridae. Herpesviridae. Papillomaviridae. Hepadnaviridae. Parvoviridae. Circoviridae.			

	Reoviridae. Birnaviridae. Retroviridae. Paramyxoviridae. Bornaviridae. Bunyaviridae. Arenaviridae. Ortomyxoviridae. Coronaviridae. Arteriviridae. Picornaviridae. Caliciviridae. Flaviviridae. Astroviridae. Togaviridae. Вируси кај пчелите. Приони. Спонгиформни енцефалопатии. Морфологија и класификација на бактериите. Исхрана, раст, екологија и метаболизам кај бактериите. Стерилизација и дезинфекција. Антимикробна хемотерапија. Интеракција микроорганизам-животно. Генетика кај бактериите. Borrelia. Treponema. Brachyspira. Leptospira. Helicobacter. Campylobacter. Lawsonia. Bartonella. Brucella. Neisseria. Bordetella. Taylorella. Dichelobacter. Francisella. Moraxella. Pseudomonas. Burkholderia. Aeromonas. Salmonella. Proteus. Escherichia. Yersinia. Bacteroides. Fusobacterium. Pasteurella. Mannheimia. Haemophillus. Actinobacillus. Riemerella. Staphylococcus. Streptococcus. Micrococcus. Bacillus. Paenibacillus. Clostridium. Lactobacillus. Listeria. Erysipelotrix. Actynomices. Actinobaculum. Arcanobacterium. Dermatophilus. Rhodococcus. Nocardia. Corynebacterium. Mycobacterium. Mycoplasma. Rickettsialles. Coxiella. Ordo Chlamydiales. Општа микологија: Candida albicans. Cryptococcus neoformans. Malassezia pachydermatis. Aspergillus. Penicillium. Дерматофити (Microsporum. Trichopyton). Coccidioides immitis/posadasii. Histoplasma capsulatum. Blastomyces dermatitidis. Sporothrix schenckii. Микотоксини и микотоксикози. **Практична настава** Вовед во лабораториската дијагностика на вирусите. Мерки на претпазливост и сигурност во лабораторијата. Земање, пакување и транспорт на мостри за вирусолошки испитувања. Прием на мострите во лабораторијата. Директна идентификација на вирусите (електронски микроскоп, имуноелектронски микроскоп). Директна идентификација на вирусните антигени (имунофлуоресценција, имунохистохемија-имунопероксидаза, *ELISA*, имунодифузија). Директна идентификација на вирусните нуклеински киселини (методи на хибридизација - *Dot Blot* методи, *In Situ* хибридизација, *Southern Blot* методи на хибридизација; *PCR*). Изолација на вирусите (култура на клетки, оплодени кокошкини јајца, лабораториски животни). Квантификација на вирусот. Интерпретација на вирусолошките лабораториски резултати. Детекција на вирусните антитела - серолошка дијагностика I (обработка на серумот за серолошко испитување, *ELISA*, серум неутрализациски тест, имуноблотинг). Детекција на вирусните антитела - серолошка дијагностика II (индиректна имунофлуоресценција, хемаглутинација-инхибиција, имунодифузија). Интерпретација на вирусолошките лабораториски резултати. Дијагноза на вирусните болести кај говедата. Дијагноза на вирусните болести кај овците и козите. Дијагноза на вирусните болести кај свињите. Дијагноза на вирусните болести кај коњите. Дијагноза на вирусните болести кај кучињата и мачките. Дијагноза на вирусните болести кај живината. Лабораториска дијагноза на прионските болести. Вовед во лабораториската дијагностика на бактериите и габите. Мерки на претпазливост и сигурност во лабораторијата. Земање, пакување и транспорт на мостри за бактериолошко испитувања. Прием на мострите во лабораторијата. Практични аспекти на стерилизацијата. Микроскопско испитување на бактериите. Културелно испитување на бактериите. Биохемиско испитување на бактериите. Биолошки опит. Резистотипизација. Антибиограм. Практична апликација на серолошките и методите за детекција на ДНК во дијагностиката на бактериските инфекции. Маститис. Дијагноза на габичните инфекции и микотоксикозите. Дијагноза на бактериски и габични болести кај говедата. Дијагноза на бактериски и габични болести кај овците и козите. Дијагноза на бактериски и габични болести кај свињите. Дијагноза на бактериски и габични болести кај коњите. Дијагноза на бактериски и габични болести кај кучињата. Дијагноза на бактериски и габични болести кај мачките. Дијагноза на бактериски и габични болести кај живината.
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи

13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**225 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		III семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа) IV семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**60 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**90 часа**

17. **Начин на оценување**

Бодување на активностите на студентот:
Присуството на секое предавање одн. вежба носи 0,5 поени.

Вид на активност	*Бодови*	
	минимум	***максимум***
Присуство на теориска настава	7,5	**15**
Присуство на практичната настава	7,5	**15**
Семинарски труд	-	**-**
Континуирани проверки - предавања (4)	15	**30**
Континуирани проверки - вежби (4)	10	**20**
Завршен испит	11	**20**
Вкупно:	51	**100**

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се пристапи кон полагање на завршниот испит е потребно студентот да освои минимум 51 бод од присуство на теориската настава, присуство на практичната настава и континуираните проверки. Постои можност и за полагање на **поправни континуирани проверки** кои се полагаат на крајот од третиот/четвртиот семестар, по полагањето на сите редовни континуирани проверки а пред полагањето завршниот испит. Се преполага една од редовните континуирани проверки која студентот сам ја избира (најчесто онаа со најмал број на поени) со напомена дека бројот на поени од преполаганата континуирана проверка автоматски се поништува. За да пристапи кон завршниот испит студентот треба да го има положено Биологија на клетка.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**

21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирани проверки на знаењето** • Вкупно осум, по четири во семестар; се одговараат писмено • Секоја проверка од ПРЕДАВАЊАТА содржи 30 прашања а секое од нив носи по 0,25 поени (максимум 7,5 поени по проверка) • Секоја проверка од ВЕЖБИТЕ содржи 20 прашања а секое од нив носи по 0,25 поени (максимум 5 поени по проверка) • Прашањата се одговараат со заокружување на точниот одговор од неколку понудени и/или со дополнување на еден или повеќе зборови во реченица ***Предавања***: • *Прва проверка* - Општа вирусологија (III семестар) • *Втора проверка* - ДНК вируси, РНК вируси и приони (III семестар) • *Трета проверка* – Цела општа и дел од специјалната бактериологија (IV семестар) • *Четврта проверка* - Дел од специјалната бактериологија и микологија (IV семестар) ***Вежби***: • *Прва проверка* - Основни лабораториски методи во вирусологијата (III семестар) • *Втора проверка* - Дијагноза на вирусните болести по животински видови и прионските болести (III семестар) • *Трета проверка* - Основни лабораториски методи во бактериологијата и маститис (IV семестар) • *Четврта проверка* - Дијагноза на бактериските и габичните болести по животински видови (IV семестар) **Завршен испит:** Писмен. Вкупниот број на бодови на завршниот испит е 20, кои бодови можат да се освојат со проверка на знаењето кое на завршниот испит го опфаќа материјалот од целиот испит. Согласно тоа, добивањето на поени е поделено во 4 тематски целини при што секоја целина носи максимум 5 поени. Тематските целини се: I = Општа вирусологија, генетика, генетски инжињеринг и приони II = ДНК и РНК вируси III = Општа бактериологија и микологија IV = Специјална бактериологија Студентот на завршен испит добива поени кои му се додаваат на претходно освоените поени во текот на наставата, но со ограничување во однос на максималниот број поени кој може да го добие по тематска целина. На пр., доколку на завршниот испит во јунската сесија од првата тематска целина освоил 5 поени, во наредната (септемвриска) сесија тој не може да освојува повеќе поени од таа тематска целина. Или, доколку на првиот

			завршен испит од втората тематска целина освоил 3 поени, во наредната сесија тој не може да освои повеќе од 2 поени од таа тематска целина.
22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		1. Предавања во форма на Power Point презентација (во електронска и/или отпечатена форма) 2. Прирачници/скрипти за вежби изготвени од страна на катедрата 3. Talaro, K. and Chess B. Foundations in Microbiology (10th Ed.) McGraw Hill. 2017 4. Quinn P.J., Markey, B.K., Leonard F.C., Fitzpatrick F.C., Fanning S. A Concise Review of Veterinary Microbiology.(2nd Ed.) John Wiley and Sons Ltd.2016 5. Scott McVey D., Kennedy M., Chengappa M.M. Veterinary Microbiology (3rd Ed.). Willey-Blackwell. 2013 6. MacLachlan J.N. and Dubovy J. E. Fenner's Veterinary Virology (5th Ed.). Elsevier. 2017 7. Hirsh D.C., MacLachlan J.N, Walker R.L. Veterinary Microbiology. Blackwell Publishing. 2004 8. Naglic, T., Hajsig, D., Madic, J. i Pinter, Lj. Veterinaska mikrobiologija, Specijalna bakteriologija i mikologija. Udzbenici sveucilista u zagrebu, 2005. 9. ICTVdB – The Universal Virus Database of the International Commitee on Taxonomy of Viruses (http://www.ncbi.nlm.nih.gov/ICTVdb/) 10. G.R. Carter, D.J. Wise and E.F. Flores (Eds.) - A Concise Review of Veterinary Virology (http://www.ivis.org/advances/Carter/toc.asp)	
	22.2	**Дополнителна литература**	

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**		
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Рурална економија**	
2.	**Код**	**ФВМ216**	
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**	
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Прва година/летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **2**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Благица Сековска**	
9.	**Предуслови за запишување на предметот**		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориска настава** Главна цел на предметот е студентите да стекнат одредени знаења од областа на руралната економија и економијата на земјоделството. Со оглед на фактот што докторите по ветеринарна медицина со својата работа се вклучени во работата на стопанството, а и поради значењето кое го има заедничката аграрна политика за ЕУ, неопходни се одредени знаења од оваа област. Студентот ќе ги научи основните економски термини, како и основните законитости на економијата, со посебен осврт на руралната економија, како и функционирањето на малите селско-стопански претпријатија и фарми кои представуваат една од основните клетки на		

	неговите идни активности. Исто така оваа предметна програма ќе му овозможи на студентот свесност за својата одговорност како дел од националното стопанство, како и местото и улогата на ветеринарната професија во вкупната економија. **Практична настава** Се организира како поддршка на теориската настава со дополнително разработување на одредени содржини од аспект на практиката преку различни наставни методи како драматизација на одредени претпоставени ситуации и решавање на случај, разработка на различни анализи на економската успешност на претпријатието како што е анализата на ризик, cost-benefit анализата, дискусии за одредени теми од интерес за студентите и слично. Практичната настава ќе овозможи и посета на едно претпријатие во рурална средина каде ќе може практично да се покажат дел од принципите на работа обработени во теорискиот дел.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Вовед. Рурална економија. Фактори на производство. Земјоделска политика. Теорија на производство. Интензивност на производството. Земјоделско претпријатие. Карактеристики и развој на руралната економија во РМ. Улогата на руралната економија во националното стопанство. Пазар на земјоделски производи. Руралната економија како фактор на одржливиот развој. **Практична настава** Рурална економија. Фактори на производство. Теорија на опаѓачки приноси. Земјоделска политика. Посета на фарма или земјоделско претпријатие. Економско мерење на успехот на претпријатието. Инструменти за регулирање на руралната економија од страна на државата. Анализа на ризик и cost-benefit анализа. Менаџмент на фарма			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавање со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби преку драматизација на ситуација, студија на случај, обработка на одредени поглавја од страна на студентите, дискусија за теми од интерес и други облици на работа во помали групи Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**50 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		Теориска настава: 20 часа Практична настава: 10 часа	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**20 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа**	**10 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**20 часа**
17.	**Начин на оценување**			

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	Бодови	
	минимум	максимум
Присуство на теориска настава	16	22
Присуство и активност (знаење) на вежбите	16	22
Семинарски труд	6	16
Континуирани проверки (две)	11(x2)=22	20(x2)=40
Завршен испит	По потреба	
Вкупно:	60	100

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**
19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Услов за добивање на потпис од предметниот наставник на крајот на семестарот покрај присуството на теориската и практичната настава е и совладани континуирани проверки на знаењето во текот на семестарот со минимум 25% освоени бодови по проверка. Завршен испит е предвиден на писмено барање на студентот ако сака да добие повисока оцена од онаа што ја стекнал со континуираните активности. Студентот кој не покажал успех на една од континуираните проверки на знаењето во текот на семестарот, треба да излезе на една од поправните проверки на знаење во испитните сесии.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**	
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (две):** писмено Прва проверка: - општ дел Втора проверка: - специјален дел **Завршен испит:** не е предвиден **Комплетен завршен испит:** по потреба	
22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		1. Благица Сековска: Авторизирани предавања за Рурална економија, изведувани во периодот од 2006 до денес на ФВМ-С 2. Доналд Д. Кеј и други: Менаџмент на фарма, ТРИ, Скопје, 2009 3. Тодор Тодоров: Економија, економика, организација, Скопје, 2001 4. Јосип Деффилипис: Економика полјопривреде, Загреб, 2002 5. Слободан Цераниќ: Планирање у агробизнису, Београд, 2007 6. Благица Сековска: Маркетинг менаџмент на анимални производи, Скопје 2008	
	22.2	**Дополнителна литература**	

Прилог бр. 3	Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Имунологија**		
2.	**Код**	**ФВМ217**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Втора година/зимски семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**3,2**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Славчо Мреношки** **доц. д-р Искра Цветковиќ**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I и II семестар. Одработена клиничка/теренска практика во I година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориска настава** Овој предмет ги изучува основните принципи и механизми врз кои се базира имунолошкиот систем кај животните и луѓето. Карактеристиките на имунолошкиот одговор ќе бидат изучувани од структуралните и функционалните аспекти на имунолошкиот систем. Особена важност ќе се даде на механизмите со кои вродениот и стекнатиот одн. хумораниот и клеточниот имунолошки одговор на организмот, реагира на инфекцијата со патогените микроорганизми. Освен тоа, ќе се изучуваат и принципите на вакцинација, трансплантација, туморска имунологија како и имунопатологијата, која ги вклучува алергиите, автоимуните заболувања и имунодифициенциите. **Практична настава** Има за цел да ги запознае студентите со основните имунолошки техники за детекција и дијагноза на инфективните болести.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Три линии на одбрана. Учесници во имунолошката реакција. Основни обележја на имунолошката реакција. Имунолошки систем - развој и поредок. Крв и крвни елементи. Органи и ткива на имунолошкиот систем. Лимфни клетки и двојност на имунолошкиот систем. Антигени. Антитела. Т-лимфоцити. Антигени на ткивно совпаѓање. Однос на мајката и плодот во гравидитетот. Имунотолеранција. Надзор над имунолошката реакција. Комплемент. Серолошки реакции. Вроден имунитет. Стекнат имунитет. Имунитет спрема бактериски инфекции. Имунитет спрема вирусни инфекции. Имунитет спрема габични инфекции. Имунитет спрема паразити. Туморска имунологија. Преосетливост (алергија). Трансплантациска имунологија. Автоимунитет. Имунодефициенции. Имуномодулација. **Практична настава** Вовед во серолошките реакции. Моноклонски антитела. Радиоимунолошки проби. Имунофлуоресцентни тестови. Имуноензимски тестови. Преципитација. Титрација на антитела. Аглутинација. Вирусна хемаглутинација и нејзина инхибиција. Реакција на врзување на комплемент (РВК). Тестови кои се изведуваат во живи систем (неутрализациски и заштитни тестови). Тестови за детекција на клеточниот имунолошки одговор. Дијагностичка апликација на имунолошките тестови.			

<table>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење
Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите)
Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="2">80 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">Теориска настава: 15 часа
Практична настава: 30 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>15 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>30 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>35 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
Присуството на секој час носи 1 поен.
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>7.5</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство на практичната настава</td><td>7.5</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Семинарски труд</td><td>-</td><td>-</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки - предавања (две)</td><td>15</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки - вежби (две)</td><td>10</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>11</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>51</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>18.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td colspan="2">до 50 бода

61 – 70 бода

91 – 100 бода</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се пристапи кон завршниот испит студентот е потребно да освои минимум 51 бод од теориската настава, практичната настава, семинарската работа и континуираните проверки. Постои можност и за полагање на **поправна континуирана проверка** која се полага на крајот од семестарот - по полагањето на четирите редовни континуирани проверки а пред полагањето завршен испит. Се преполага една од редовните континуирани проверки која студентот сам ја избира (најчесто онаа со најмал број на поени) со напомена дека бројот на поени од преполаганата континуирана проверка автоматски се поништува. За да пристапи кон завршниот испит студентот треба да ги има положено Биологија на клетка и Микробиологија.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (четири):** писмено **Предавања**: • *Прва проверка* • *Втора проверка* **Вежби**: • *Прва проверка* • *Втора проверка* **Завршен испит:** Писмен. Вкупниот број на бодови на завршниот испит е 20, кои бодови можат да се освојат со проверка на знаењето кое на завршниот испит го опфаќа материјалот од целиот испит. Согласно тоа, добивањето на поени е поделено во 3 тематски целини при што секоја целина ги носи максимум следните поени: - Тематска целина I = 7 поени - Тематска целина II = 7 поени - Тематска целина III = 6 поени Студентот на завршен испит добива поени кои му се додаваат на веќе претходно освоените поени но со ограничување во однос на максималниот број поени кој може да го добие по тематска целина. На пр., доколку на првиот завршен испит (јунска сесија) од првата тематска целина освоил 7 поени, во наредната (септемвриска) сесија тој не може да освојува повеќе поени од таа тематска целина. Или, доколку на првиот завршен испит од втората тематска целина освоил 3 поени, во наредната сесија тој не може да освои повеќе од 4 поени од таа тематска целина.

22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		1. Предавања во Power Point (во електронска и/или отпечатена верзија) 2. Прирачник/скрипта за вежби изготвена од страна на катедрата 3. Hajsig, D., Pinter L., Antolovic R., Madic J. Veterinarska imunologija. Hrvatsko Mikrobiolosko Drustvo, Veterinarski Fakultet Sveucilista u Zagrebu, Zagreb., 2014 4. Hajsig, D., Pinter L., Naglic T., Antolovic R. Veterinarska klinicka imunologija. Hrvatsko Mikrobiolosko Drustvo, Veterinarski Fakultet Sveucilista u Zagrebu, Zagreb., 2012 5. Tizard, I.R., Veterinary Immunology, An Introduction (Ninth Edition). Elsevier Saunders, 2013	
	22.2	**Дополнителна литература**	

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**		
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Комуникација во ветеринарната практика**	
2.	**Код**	**ФВМ218**	
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**	
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Втора година/летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **2**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Благица Сековска** **проф. д-р Пламен Тројачанец**	
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I и II семестар. Одработена клиничка/теренска практика во I година.	
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Место кое предметот го зазема во ветеринарското образование:** Препораките на EAEVE во поглед на компетенциите на докторите по ветеринарна медицина одат во насока на зголемување на т.н. меки вештини, а особено комуникациските вештини. Од тие причини се воведува овој предмет кој ќе ги подобри комуникациските вештини на идните доктори по ветеринарна медицина. **Цел на предметот:** Студентот да се оспособи за успешно комуницирање со клиентите, во кој студентот ќе ги совлада правилата на комуникација, стручната комуникација и особено правилното и асертивно однсување при комуникацијата со клиентите. **Поврзаност на предметот со претходната и идната едукација:** Предметот е тесно поврзан со сите клинички предмети, особено со предметите од интерната медицина, од хирургијата, со амбулаторна клиника, како и со предметот Основи на менаџмент со менаџмент на ветеринарна практика.		
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** I. Што е комуникација, поим и улога на комуникација; Елементи на процесот на комуникација; Јазикот и говорот, вербална комуникација; Други видови на комуникација - невербална, просторна, фацијална, тонска и сл.; Усна и писмена комуникација; Проблеми при		

	комуникација и нивно решавање; Современи форми на комуникација, интернет, социјални мрежи и сл.; Службена и бизнис комуникација;Медицинска комуникација;Специфичности на ветеринарно-медицинската комуникација; Стратегии за унапредување на комуникациските особини; **Практична настава** I. Запознавање со правилната комуникација; Активно слушање; Емотивен тон на комуникацијата; Асертивност; Правила на комуникацијата со клиенти; Правила и практични примери комуникација во ветеринарната медицина; Вербално и невербално – практични примери; Справување со тешки клиенти; Видови на тешки клиенти; Како да ги унапредите своите комуникациски вештини; Комуникациски примери од ветеринарната практика;			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавање со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби преку драматизација на ситуација, студија на случај, обработка на одредени поглавја од страна на студентите, дискусија за теми од интерес и други облици на работа во помали групи Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарската работа			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**50 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		Теориска настава: 1 час/неделно (15 часа) Практична настава: 1 час/неделно (15 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**15 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа**	**15 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**20 часа**

17. Начин на оценување

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	*Бодови*	
	минимум	*максимум*
Присуство на теориска настава	**10**	**20**
Присуство на практичната настава	**10**	**20**
Континуирана проверка - теорија	**20**	**30**
Практичен испит	**20**	**30**
Вкупно:	**60**	**100**

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Студентите кои присуствувале на помалку од 30% од **теориската настава** не добиваат бодови за присутност; присуство на 30-60% од наставата носи 3 бода, додека присуството на повеќе од 60% од наставата носи 5 бода. Студентите кои присуствувале на помалку од 40% од **практичната настава** не добиваат бодови за присутност; присуството на 40-70% од наставата носи 5 бода, додека присуствотот на повеќе од 70% од наставата носи 10 бода.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**	
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. За секој од деловите од испитот се добива оценка, според критериумите кои ќе бидат наведени на тестовите и на практичниот испит. Студентите кои не добиле позитивна оценка од двата теста или не се задоволни од успехот на тестовите, можат да полагаат завршен испит. Во тој случај, бодовите од тестовите не влегува во калкулација. Полагањето на тестовите се изведува во точно зададен термин и е задолжително за сите студенти..	
22.	**Литература**		
	22.1 **Задолжителна литература**		
		1. Материјали од предавањата 2. “Комуникација“ Кристијан Белон Ксавиер Мино, 2005, Скопје 3. Русе М., Русе С., Ruse M., Деловни комуникации, Масмедија 2005, 4. К. Р. Сетураман Комуникациски вештини во клиничката практика (комуникација помеѓу пациент и доктор) , Табернакул 2010 5. Laurel Lagoni, Dana Durance, “Conecting with clients“, AAHA Press	
	22.2 **Дополнителна литература**		
		по препорака на предметниот наставник актуелни интернет страници	

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Патолошка физиологија**		
2.	**Код**	**ФВМ311**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Трета година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**9,5**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Игор Улчар**		

		доц. д-р Ирена Целеска
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I до IV семестар. Одработена клиничка/теренска практика во II година.
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориска настава** Патолошката физиологија се надоврзува на стекнатите знаења од предклиничките наставни дисциплини: хемија, биофизика, биологија на клетка, биохемија, анатомија, хистологија, ембриологија, исхрана, физиологија, микробиологија и имунологија, и паралелно со изучувањето на наставните дисциплини од патолошка морфологија, фармакологија и токсикологија и паразитологија. Предмет на патолошката физиологија се механизмите и начините на настанувањето на патолошките процеси (патогенеза), со што студентите се воведуваат во изучувањето на клиничките предмети кои се значајни за совладување на студиите по ветеринарна медицина. **Практична настава** Предмет на практичната настава се лабораториските методи за утврдување на прмените што настануваат при патофизиолошките процеси (клиничка патологија): хематологија, промени во крвната плазма односно серум (метаболички профил), промени во кардиоваскуларниот, гастроинтестиналниот и респираторниот систем, клиничка ензиматологија, тестови за одредување на хепатоцелуларно оштетување и хепатичка дисфункција, на промени на егзокрин панкреас, бубрежна дисфункција, уринализа, ендокринолошки тестови, Комптон тест, имунологија на тумори, типизирање на крвни групи, основи на клиничката цитологија.	
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Општо за патолошката физиологија. Регулациски механизми. Нарушувања во функцијата на клетката. Патолошка физиологија на крвта. Нарушувања во функцијата на еритроцитите. Нарушувања во функцијата на леукоцитите. Нарушувања во хемостазата. Нарушувања во работата на срцето. Нарушувања во функцијата на крвните садови. Нарушувања на метаболизмот. Нарушувања во функцијата на органите за варење. Нарушувања во функцијата на црниот дроб и на егзокриниот панкреас. Нарушувања на функциите на органите за дишење. Нарушувања на уринарниот систем. Нарушувања на ендокриниот систем. Синдром на општа адаптација (Стрес-синдром). Воспаление. Шок (колапс). Патофизиологија на болката. Нарушувања на имунолошкиот систем. Нарушувања во терморегулацијата. Нарушувања во мускуло-скелетниот систем. Невролошки нарушувања. Патофизиологија на малигните процеси. Разгледување одделни случаи. **Практична настава** Дефиниција и основни концепти на ветеринарната клиничка патологија. Фактори што влијаат врз лабораториските резултати: Биолошки и аналитички фактори (пред-инструментални, инструментални, пост-инструментални). Клиничка примена на резултатите од тестирањата. Референтни вредности. Мерни единици. Валидација на тестовите. Земање на крв, прибор за земање на крв, антикоагуланси. Лабораториски инструменти и опрема. Електролити и ацидо-базна рамотежа: состојки на телесните течности, абнормалности на натриумот, на калиумот и на хлоридите; основи на одредувањето на ацидо-базната рамнотежа. Тестови во хематологијата - хемограм: хематокрит и вкупни протеини; број на еритроцити, хемоглобин; вкупен број на леукоцити и диференцијална бела крвна слика; број на тромбоцити, морфологија и MPV; хистограми; проценка на крвните размаски. Нарушувања на еритроцитите: полицитемии (еритроцитози) и диференцирање на типовите на анемии. Леукоцити: типови на леукоцити - функции и интерпретација на промената на бројот во крвта. Хемостаза: нормална хемостаза; клинички знаци на хемостазните нарушувања; земање мостри и чување. Коскена срцевина - земање и интерпретација: индикации и контраиндикации; земање; проценка на клеточните линии; еритропоеза; мегакариопоеза; миелопоеза.	

	Кардиоваскуларни нарушувања и неправилна распределба на телесни течности. Гликоза: Физиолошки карактеристики и мерење; абнормалности. Липиди: Физиолошки карактеристики и абнормалности. Кетонски тела: типови и причини за зголемувањето. Протеини: Физиолошки карактеристики. Мерење: серумски протеини и електрофореза; абнормалности на серумските протеини. Фибриноген. Минерали: макроелементи; олигоелементи. Гастроинтестинални нарушувања. Испитување на руминална микрофлора. Клиничка ензиматологија, ензими на црн дроб, хепатограм. Црн дроб: тестови за одредување на хепатоцелуларно оштетување, холестаза и хепатичка дисфункција. Нарушувања на егзокрин панкреас. Респираторни нарушувања. Клиничко испитување на бубрежната функција. Уринализа, физички својства на урината, физичко-хемиски својства, хемиски својства, одредување на глкозурија, протеинурија, преглед на организиран и неорганизиран седимент. Ендокринолошки тестови: тироидни хормони; кортикостероиди; други хормони: паратироиден хормон, инсулин, хормон на раст. Тестови на метаболички профил. Имунологија на туморите. Воспаление. Шок. Крвни групи и трансфузија: системи на крвни групи; типизирање на крвни групи и вкрстени реакции; дефиниција, цели и индикации за крвна трансфузија. Имунолошки нарушувања. Мускули: тестови за детектирање на миоцитно оштетување и на миоцитна активност. Невролошки нарушувања. Вовед во клиничка цитологија: мостри; ракување со мострите; предности и ограничувања; особености на некои бенигни лезии (воспаление, хематом, липом, цисти, сиалокеле). Цитологија на ткивни маси и на органи. Анализа на телесните течности: трансудат, модифициран трансудат, ексудат, неоплстични ефузии, друго (хемоперитонеум, уроперитонеум, хилозни ефузии). Цитологија на неопластични маси: бенигни неоплазми; цитолошки критериуми за малигноста. Цитологија на лимфните јазли. Цитологија на цереброспиналната течност (ЦСФ), на синовијалната течност и на исцедоците. Процедури за земање мостри. Разгледување конкретни случаи.			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**227,5 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		V семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа) VI семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**60 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**92,5 часа**
17.	**Начин на оценување**			

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	*Бодови*	
	минимум	*максимум*
Присуство на теориска настава – V семестар	**2,00**	**3,75**
Присуство на теориска настава – VI семестар	**2,00**	**3,75**
Присуство на практична настава – V семестар	**2,04**	**3,75**
Присуство на практична настава – VI семестар	**2,00**	**3,75**
Континуирана проверка 1	**/**	**1,25**
Континуирана проверка 2	**/**	**1,25**
Континуирана проверка 3	**/**	**1,25**
Континуирана проверка 4	**/**	**1,25**
Завршен испит (прв дел)	**0**	**30**
Завршен испит (втор дел)	**0**	**50**
Вкупно:	**8,04**	**100**

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Со присуството на теориската настава во двата семестра заедно можат да се добијат максимум 7,5 бодови (3,75 бода по семестар), односно за секој час предавања по 0,125 бода. За да добие потпис, студентот треба да присуствува на 16 од вкупно 30 предавања во V семестар, односно да освои минимум 2 бода, односно на 16 од вкупно 30 предавања во VI семестар, односно да освои исто минимум 2 бода. Со присуството на практичната настава во V семестар се добиваат 3,75 бода, односно за секој час вежби по 0,083 бода. За да добие потпис, студентот треба да присуствува на 24,5 од вкупно 45 вежби во V семестар, односно да освои минимум 2,04 бода. Со присуството на практичната настава во VI семестар се добиваат 3,75 бода, односно за секој час вежби по 0,125 бода. За да добие потпис, студентот треба да присуствува на 16 од вкупно 30 вежби во VI семестар, односно да освои минимум 2 бода. Оправданите изостаноци и кај предавањата и кај вежбите можат да се надоместат кај предметниот наставник по пат на колоквиум. Континуираните проверки се состојат од 10 прашања од теориската настава и 10 прашања од практичната настава. Континуираната проверка се смета за положена ако се одговорени 6 прашања од теорискиот и 6 прашања од практичниот дел. Положената континуирана проверка носи 1,25 бода. Доколку студентот не положи некоја од континуираните проверки, ќе му се даде можност да ја полага на крајот од семестарот. Положувањето на четирите континуирани проверки е услов за излегување на завршниот испит. Завршниот испит се состои од два дела (прв и втор). Во првиот дел се полага наставната материја (теориска и практична настава) од V семестар. Носи максимум 30 бода. Се состои од 3 прашања од теориската и 3 прашања од практичната настава. Секое точно одговорено прашање носи 5 бода. Доколку не се положи во јануарската испитна сесија, може да се полага и во другите две преостанати сесии. Во вториот дел се полага наставната материја (теориска и практична настава) од VI семестар. Носи максимум 50 бода. Се состои од 5 прашања од теориската и 5 прашања од практичната настава. Секое точно одговорено прашање носи 5 бода. Двата дела од завршниот испит се полагаат усно, но на барање на студентот можат да бидат и писмени. За да може да пристапи кон полагањето на завршниот испит, студентот треба да ги има претходно положено: Хемија, Биохемија, Биологија на клетка, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија, Физиологија на

		животните, Исхрана на домашните животни, Сточарство и Анимална хигиена.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (4):** писмено Прва проверка: Општо за патофизиологијата. Нарушувања на функцијата на клетката. Хематологија Втора проверка: Кардиоваскуларен систем. Метаболизам. Органи за варење. Црн дроб и егзокрин панкреас. Трета проверка: Респираторен систем. Уринарен систем. Ендокрин систем. Одбрамбени реакции. Четврта проверка: Имунолошки нарушувања. Терморегулација. Невромускуларни нарушувања. Неоплазми. **Завршен испит:** прв дел: наставната материја од првата и од втората континуирана проверка; втор дел: наставната материја од третата и од четвртата континуирана проверка
22.	**Литература**	
	Задолжителна литература	
	22.1	1. проф. д-р Игор Улчар: Патолошка физиологија - предавања (авторизирана скрипта), во електронска форма, (се ажурираат секоја година); 2. доц. д-р Ирена Целеска: Патолошка физиологија - практикум (авторизирана скрипта), во електронска форма, (се ажурираат секоја година)
	22.2	**Дополнителна литература**
		1. M. Donald McGavin, James F. Zachary: Pathologic Basis Of Veterinary Disease 2007, Mosby, Inc.

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Фармакологија**		
2.	**Код**	**ФВМ312**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Трета година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**9**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Ромел Велев**		
9.	**Предуслови за запишување на**	Отслушани сите предмети од I до IV семестар.		

	предметот	Одработена клиничка/теренска практика во II година.
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** од предметот Фармакологија има за цел да ги запознае студентите со структурата, начинот на дејствување и фармакокинетиката на поединиите групи на ветеринарни лекови; научнатата основа за нивната безбедна и ефикасна употреба; етичките, еколошките импликации и импликациите врз човековото здравје од употребата на ветеринарните лекови за студентот да може да го демонстрира своето знаење и разбирање од фармакологијата како основа за проучување и практикување на клиничката ветеринарна медицина. На овој начин на идниот доктор по ветеринарна медицина ќе му биде овозможено да се здобие со: знаење за препознавање на индикациите за медицинска интервенција; способност да го одбере најсоодветниот лек (или лекови) индицирани за одредена болест или патолошка состојба, способност за примена на лекот во оптимална доза и по пропишан режим на дозирање, способност за давање совети и примена на соодветно лекување кај поедини животи или група на животни; способност за давање совети за превентивна ветеринарна медицина, вклучувајќи и промовирање на оптимално здравје и производство. **Практичната настава** од предметот Фармакологија има за цел да ги запознае студентите со точното препишување, издавање, безбедно складирање и безбедно одстранување на лековите; да ги запознае студентите со различните фармацевтски облици на лекови и нивните карактеристики; да ги запознае идните доктори по ветеринарна медицина за изворите на податоци за лиценцираните леквои и да илустрира некои апстрактни теориски концепти преку едноставни лабораториски експерименти.	
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Вовед во предметот. Потекло на лековите и дефиниција на поимот лек. Фармакотерапија, дози и дозирање на лекови. Фармакокинетика. Фармакодинамика. Реакции меѓу лековите и несакани дејства на лековите. Фармакологија на ЦНС (депресори и стимулатори на ЦНС, психотропни лекови). Фармакологија на ПНС. Фармакологија на АНС. Фармакологија на дигестивниот систем. Фармакологија на респираторниот систем. Фармакологија на гениталниот и уринарниот систем систем. Фармакологија на кардиоваскуларниот систем и крвта. Фармакологија на хормоните. Фармакологија на кожата и лигавиците. Фармакологија на витамините и минералите. Антимикробни лекови - вовед. Бета лактамски антибиотици (пенам пеницилини; цефалоспорини). Аминогликозиди и аминоциклитоли. Тетрациклини. Амфениколи. Макролиди, азилиди, линкозамиди, плеуромутилини. Пептидни антибиотици. Останати антибиотици. Синтетски антимикробни супстанции. Антигабични лекови. Антивирусни лекови. Антисептици и дезинфициенси. Антинеопластични лекови. Имунофармакологија. Ектоантипаразитици. Ендоантипаразитици. **Практична настава** Воведна вежба. Препишување на лекови (Рецепт) I-II. Цврсти облици на лекови I-IV. Полуцврсти облици на лекови I-III. Течни облици на лекови I-V. Препишување на испитни рецепти. Апликација на лекови кај лабараториски животни p/o, s/c, i/m, i/v, i/perit. Земање на крв кај лабараториски животни и одредување на концентрации на лекови во биолошки материјал. Мерење и дејство на лекови врз крвен притисок кај стаорец. Демонстрација на директна и индиректна метода. Дејство на лекови врз изолирано срце од зајак. Посета на производител на лекови.	
12.	**Методи на учење** Теориска настава и семинари: интерактивна (предавања во група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: аудиториски вежби, лабораториски вежби и други облици на работа.	
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**	**225 часа**

<table>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">V семестар:
Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа)
Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)
VI семестар:
Теориска настава: 3 часа/неделно (45 часа)
Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>75 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>90 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">17.</td><td colspan="2">Начин на оценување</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност (знаење) на вежбите</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки (три)</td><td>10(x3)=30</td><td>20(x3)=60</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>6</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>60</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**		За да се пристапи кон завршниот испит студентот е потребно да освои минимум бодови од присуство на теориската и практичната настава и минимум по 10 поени за секоја од трите континуирани проверки (колоквиуми). Ако студентот не покаже позитивен резултат (не освои минимум 10 поени) на некој од колоквиумите, потребно е да излезе на еден од предвидените поправни колоквиуми. На завршен испит треба да излезат и оние студенти кои имаат освоено повеќе од 60 поени со присуство на теориската, практичната настава и трите континуирани проверки. За да пристапи кон полагањето на завршниот испит, студентот треба да ги има положено: Хемија, Биологија на клетка, Биохемија, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија, Хранливи, лековити и отровни растенија, Микробиологија, Имунологија, Физиологија на животните, Исхрана на домашните животни и Паразитологија и паразитни заболувања
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**		**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**		Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (три):** писмено Прва проверка: Општа фармакологија Втора проверка: Специјална фармакологија (органски системи) Трета проверка: Хемотерапевтици **Завршен испит: писмен (препишување рецепти) и устен**
22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		Теориска настава 1. В. Ќупиќ, М. Муминовиќ, С. Кобал, Р. Велев: **Фармакологија за студентите по ветеринарна медицина**. Белград, Сараево, Љубљана, Скопје. 2007 2. Авторизирана скрипта со наслов: Општа фармакологија (автор: Р. Велев) ***Практична настава*** 1. Hadzović S.: **Veterinarska farmakografija sa osnovama farmakoterapije.** Svjetlost, Sarajevo 1986. 2. Živanov D.: **Osnovi veterinarske recepture.** Veterinarski fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, 1996.	
	22.2	**Дополнителна литература**	

	1. Adams H. R.: **Veterinary Pharmacology and Therapeutics.** 8-th edition. Iowa State University Press. Ames, 2001. 2. Brander G. C., Pugh D.M.: **Veterinary Applied Pharmacology and Therapeutics.** 5-th edition. Bailliere Tindall. London, 1991. 3. Prescott. J. F., Baggot J. D., Walker R. D.: **Antimicrobial Therapy in Veterinary Medicine.** 3-rd edition. Iowa State University Press. Ames, 2000. 4. Sakar, D.: **Antimikrobna kemoterapija.** Bo: Srebočan, V. и Gomerčić, H.: Veterinarski priručnik. 4 izdanje, JUMENA, Zagreb 1989. 5**.** Plumb.C D.: **Veterinary Drug Handbook.** 4-th edition. Iowa State University Press. Ames, 2002.

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**		
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Патолошка морфологија**	
2.	**Код**	**ФВМ313**	
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**	
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Трета година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **12,5**
8.	**Наставник**	**доц. д-р Трпе Ристоски**	
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I до IV семестар. Одработена клиничка/теренска практика во II година.	
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** по предметот Патолошка морфологија поделена е во два дела. Првиот дел ја опфаќа *Општата патологија* која се изучува во V семестар и воедно ги запознава студентите со патолошките процеси и патолошките состојби во организамот, што имаат за цел подобро да се разбере патогенезата на болестите. Додека, вториот дел од предметот се однесува на *Специјалната патолошка морфологија* која се изучува во VI семестар. Специјалната патолошка морфологија има за цел да ги запознае студентите со патолошко анатомските промени на сите органски системи. Со правилното утврдување на настанатите патолошко анатомски промени на студентите ќе им се олесни поставувањето на конечната дијагноза за смртта на животните. **Практичната настава** исто така поделена е во два дела. Првиот дел (V семестар) има за цел да ги запознае студентите со основните карактеристики на патохистолошката дијагностика, односно со земањето и подготовката на материјалот за патохистолошка дијагностика, боењето на патохистолошките препарати, како и поставување на конечна патохистолошка дијагноза. Вториот дел (VI семестар) има за цел да ги запознае студентите со опремата и начинот на изведување на обдукција на животните, За време на настава, секој студент ќе биде во можност да обдуцира различни животински врсти (преживни, непреживни животни или живина) и истовремено самиот да ги уочи настанатите патолошко-анатомски промени и притоа да ја утврди причината за смртта на животното.		
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Увод и историјат на патологијата. Етиологија. Дегенерација и некроза. Нарушувања во циркулаторниот систем. Воспаление. Регенерација. Тумори, накази и смрт. Имунопатологија. Дигестивен систем. Хематопоетски органи. Циркулаторен систем. Респираторен систем. Уринарен систем. Полови органи. Централен нервен систем. Ендокрини жлезди. Скелетно-мускулен систем. Органи за вид и слух. Кожа. **Практична настава** Подготовка и боење на патохистолошките препарати. Микроскопска дијагностика на		

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">патохистолошки препарати. Вовед во обдукцијата на домашните животни (теориски). Обдукција на преживни животни (овци и кози). Обдукција на непреживни животни (кучиња, мачки, свињи). Обдукција на живина. Органска патологија. Теренска обдукција на крупни животни.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење
Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите)
Практична настава: вежби (патохистолошка дијагностика во текот на V семестар и обдукација на животните во VI семестар)
Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="2">312,5 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">V семестар:
Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа)
Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа)
VI семестар:
Теориска настава: 4 часа/неделно (60 часа)
Практична настава: 4 часа/неделно (60 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>90 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа</td><td>105 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>117,5 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="2">17.</td><td colspan="2">Начин на оценување</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност (знаење) на практичната настава</td><td>12</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Семинарски труд</td><td>3</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки (четири)</td><td>10</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Практичен испит</td><td>13</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>10</td><td>25</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>60</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се пристапи кон *комплетно завршен испит* (устен и практичен дел), студентот е потребно да освои минимум 45 бодови од теориска настава, практична настава, семинарска работа и четирите континуирани проверки. Доколку студентот освои минимум 50 бодови од теориска настава, практична настава, семинарска работа и четирите континуирани проверки, истиот е ослободен од усниот дел од испитот. Студентот задолжително ги полага практичните делови од испитот. За да може да пристапи кон завршниот испит, студентот треба да ги има положено: Хемија, Биологија на клетка, Биохемија, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија и Физиологија на животнтите.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (четири):** писмено **Прва проверка**: Вовед и историјат на патологијата; Етиологија; Дегенерација; Некроза; Пореметувања во циркулаторниот систем. **Втора проверка**: Воспаление; Регенерација; Тумори; Накази и смрт; Имунопатологија. **Трете проверка**: Дигестивен систем; Хематопоетски органи; Циркулаторен систем; Респираторен систем. **Четврта проверка**: Уринарен систем; Полови органи; Централен нервен систем; Ендокрини жлезди; Скелетно-мускулен систем; Органи за вид и слух и Кожа. **Практичен испит:** Патохистологија и Обдукција **Завршен испит:** устен **Комплетен завршен испит:** устен + практичен (патохистологија и обдукција)
22.	**Литература**	
	Задолжителна литература	
	22.1	1. Ц. Мицевски и Т. Ристоски: Патолошко хистолошки практикум. Вет.факултет, Скопје, 2003. 2. Мицевски Ц.: Обдукција на домашните животни. Вет. фак. Скопје, 1998. 3. Ц. Мицевски и Т. Ристоски: Штенечак - чума кај кучињата, Вет. Фак., Скопје, 2003 4. Norman Chevile: Ultrastructural pathology, 1994 5. Kumar, Cotran, Robbins: Basic Pathology, 7th edition, 2003 6. Милијана Кнежевиќ и Милијан Јовановиќ: Општа патологија. Макарије, 1999. 7. Culjak K. i sur. : Opsta veterinarska patologija. Horzetsky, Zagreb, 1993. 9. Софреновиќ Ѓ.: Општа патологија. Научна књига, Београд- 1990. 10. Jubb K., Kenedy P., Plamer N.: Pathology of domestic animals, 1992. 11. Чуљак К., Судариќ Ф.: Специјална патолошка морфологија животиа. Заг-Сар.1990
	22.2	**Дополнителна литература**

Прилог бр. 3	Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Паразитологија и паразитни заболувања**		
2.	**Код**	**ФВМ314**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Трета година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**9**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Јована Стефановска**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I до IV семестар. Одработена клиничка/теренска практика во II година.		

10. Цели на предметната програма (компетенции):

Изучувањето на предеметот Паразитологија и паразитни заболувања се состои од теориски и практичен дел.

Во **теорискиот дел** се изучуваат морфологијата, биолошките карактеристики, развојните циклуси, патогенеза и имунитет, клиничка слика, дијагностика, лекување и профилактика на поважни представници на паразити од 7 колена (Protozoa, Apicomplexa, Plathelminthes, Nemathelminthes, Acanthocephala, Arthropoda и Pentastomida) дадени по таксономски ред.

Во **практичниот дел** се дава посебен акцент на морфологијата на адултите и морфологијата на развојните форми на паразитите, развојните циклуси и методите на дијагностика. Практичниот дел се изведува во лабораторија со микроскопски и макроскопски паразитолошки препарати, микрометрија, запознавање со методите на детерминација на паразитите и општите методи за дијагностика на паразитните заболувања.

Целта на овој предмет е да ги едуцира студентите за паразитите и паразитните заболувања кои имаат посебно значење во ветеринарното и јавното здравство. Со знаењето што студентите ќе го стекнат од овој предмет ќе можат самостално да ги детерминираат, дијагностицираат, лекуваат и превенираат паразитните заболувања кај домашните животни и птици, како и паразитните зоонози и антропонози.

11. Содржина на предметната програма

Теориска настава

Предмет и содржина на паразитологијата и паразитните болести кај домашните животнин и птици. Општа паразитологија. Општи начела за паразитните заболувања 1-2. Колено Protozoa: подколено Sarcomastigophora, класа Zoomastigophorea: ред Kinetoplastida, ред Diplomonadida, ред Trichomonadida, ред Amoebida. Колено Apicomplexa, класа Sporozoea, ред Eucoccididae, ред Haemosporida. Класа Microspora. Класа Cilliophora. Колено Plathelminthes: класа Digenea, ред Strigeatida, ред Echinostomatida, ред Opisthorchiida, ред Plagiorchiida. Класа Cestoda, подкласа Eucestoda: ред Pseudophyllidea, ред Cyclophyllidea. Колено Nemathelminthes, класа Nematoda, ред Enoplida, ред Rhabditida, ред Strongylida, ред Oxyurida, ред Ascaridida, ред Spirurida. Колено Acanthocephala. Колено Arthtohropoda, класа Arachnida, под класа Acari, ред Metastigmata, Mesostigmata, ред Prostigmata, ред Astigmata, класа Insecta: ред Anoplura, ред Mallophaga, ред Dyptera, подред Nematocera, подред Brachycera, ред Siphonaptera. Колено Pentastomida.

Практична настава

	Правила на класификација. Опрема и апарати во паразитолошката лабораторија. Микроскопирање и микрометрија на паразити и псевдопаразити. Микроскопирање: Микроскопски препарати од следните родови: род Trypanosoma, род Leishmania, род Hexamita, род Giardia, род Trichomonas, род Histomonas, род Entamoeba, род Eimeria, род Isospora, род Cryptosporidium, род Sarcosystis, род Besnotia, род Toxoplasma, род Neospora, род Hepatozoon,род Babesia, род Theileria, род Balantidium, род Anaplasma, род Borelia, род Nosema, род Schistosoma, род Fasciola, род Dicrocoelium, род Paramphistomum, род Echinostomum, род Prostogonimus, род Opisthorchis, Diphyllobothrium, Mesocestoides, род Taenia (T. soleum, T. saginata, T. hydatigena, T. pisiformis, T. multiceps) и ларвени облици на тениите, род Echinococcus, род Dipylidium, род Moniezia, род Anoplocephala, род Strongyloides, род Strongylus, род Trichostrongylus, род Haemonchus, род Ostertagia, род Cooperia, род Nematodirus, Hyostrongylus, род Globocephalus, род Bunostomum, род Ancylostoma, род Uncinaria, rod Trichonema, род Oesophagostomum, род Chabertia, род Amidostomum, род Syngamus, род Cyathostomum, род Trichuris, род Capilaria, род Trichinella, род Dictyocaulus, род Protostrongylus, род Metastrongylus, род Ascaridia, род Oxyuris, род Heterakis, род Thelazia, род Habronema, род Spirocerca, род Macracanthorhynchus, род Filaroides, род Parafilaria, род Onchocerca, род Dirofilaria, род Gnathostoma, род Ixodes, род Argas, род Dermanyssus, род Demodex,род Trombicula, род Sarcoptes, род Notoedres, род Knemidocoptes, род Psoroptes, Chorioptes, род Otodectes, род Tabanus, род Musca, род Haematobia, род Stomoxys, род Glossina, род Calliphora, род Sarcophaga, род Gasterophilus, род Hypoderma, род Oestrus, род Culex, род Aedes, род Anopheles, род Simulium, род Phlebotmomus, род Culicoides, род Hypobosca, род Melophagus, род Pulex, род Ctenocephalides, род Trichodectes, род Felicola, род Bovicola, род Haematopinus, род Linognathus, род Pediculus, род Linguatula. Детално запознавање со морфологијата на јајцата и ларвите на паразити кај сите домашни животни. Практична изведба на методи за дијагностика на паразитните болести: копролошки методи, хематолошки методи, серолошки методи, биохемиски методи, уролошки методи, патолошко-анатомски методи, дерматолошки методи.			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**225 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		V семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа) VI семестар: Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**60 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудириориски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	

<table>
<tr><td></td><td></td><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>90 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава – V семестар</td><td>2,00</td><td>3,75</td></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава – VI семестар</td><td>2,00</td><td>3,75</td></tr>
<tr><td>Присуство на практична настава – V семестар</td><td>2,04</td><td>3,75</td></tr>
<tr><td>Присуство на практична настава – VI семестар</td><td>2,00</td><td>3,75</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка 1</td><td>/</td><td>1,25</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка 2</td><td>/</td><td>1,25</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка 3</td><td>/</td><td>1,25</td></tr>
<tr><td>Континуирана проверка 4</td><td>/</td><td>1,25</td></tr>
<tr><td>Завршен испит (прв дел)</td><td>0</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Завршен испит (втор дел)</td><td>0</td><td>50</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>8,04</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>18.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>19.</td><td colspan="2">Услов за потпис и полагање на завршен испит</td><td colspan="2">Положените колоквиуми се услов за излез на испит. Двата дела од завршниот устен испит се задолжителни. Студентот не смее да отсуствува на повеќе од 3 вежби и предавања.
За да пристапи кон полагање на завршнот испит, студентот треба да го има положено Биологија на клетка.</td></tr>
<tr><td>20.</td><td colspan="2">Јазик на кој се изведува наставата</td><td colspan="2">Македонски</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="2">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="2">Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување.
Континуирани проверки на знаењето (четири): писмено
Прва проверка: Општа паразитологија, колено Protozoa
Втора проверка: колено Apicomplexa и Plathelminthes.
Трета проверка: колено Nemathelminthes и Acanthocephala.
Четврта проверка : колено Arthropoda и Pentastomida.
Проверките ќе содржат материјал од предавањата и од вежбите
Завршен испит: устен</td></tr>
<tr><td>22.</td><td colspan="2">Литература</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td></td><td>22.1</td><td>Задолжителна литература</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

		1. Никола Геру, Жарко Мациров: **Ветеринарна паразитологија и паразитарни болести**.Универзитет „Св. Кирил и Методи“, Скопје, 2003
	22.2	**Дополнителна литература**
		1. Dwight D. Bowman: Georgi’s Parasitology for veterinarians.W.B. Saunders company, 2017. 2. Anne M.Zajac, Gary A. Conboy: Veterinary clinical parasitology. Willey Blackwell, 2014

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Клиничка анатомија на животните**		
2.	**Код**	**ФВМ315**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Трета година/зимски семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**3**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Влатко Илиески** **проф. д-р Лазо Пендовски**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од I до IV семестар. Одработена клиничка/теренска практика во II година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Практичната настава** од предметот Клиничка анатомија на животните има за цел да ги запознае студентите со поединости од анатомијата на животните важни за совладувањето на клиничките предмети: клиничка анатомија на глава и врат, клиничка атомија на преден и заден екстремитет, клиничка анатомија на граден кош, абдомен и карлична празнина. Студентите ќе се запознаат да ги идентификуваат коските и надворешни коскени испакнатини на живо животно, да ги препознаат прифатилиштата на секој мускул, хируршкиот пристап до празнините на главата, структурите на вратот, органите и останатите анатомски структури во градната и абдоминаланата празнина, на екстремитетите, познавање на имињата и позициите на отворите кои асоцираат со нервите на главата идентификувација на правецот на движење и дистрибуцијата на површинските нерви и крвни садови на главата вратот телото и екстремитетите.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Практична настава** Клиничка анатомија на глава 1-2. Клиничка анатомија на врат. Клиничка анатомија на преден екстремитет 1-2. Клиничка анатомија на градна празнина 1-2. Клиничка анатомија на абдоминална празнина 1-2. Клиничка анатомија на карлична празнина 1-3.			
12.	**Методи на учење** **Практична настава:** интерактивна (вежби во голема група со дискусија и ангажирање на студентите; видео презентации, слајд презентации, CLIVE компјутерска интерактивна програма) и други облици на работа во помали групи. Се реализира преку престој во дисекциона сала и обработка на анатомски модели (работа со свежи, фиксирани и			

<table>
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Четврта година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **15**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Тони Довенски** **доц. д-р Бранко Атанасов**	
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Положени сите предмети од I до IV семестар, заедно со Патолошка физиологија и Патолошка морфологија. Одработена клиничка/теренска практика во III година.	
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската настава** од предметот Репродукција има за цел да ги воведе студентите во главните теориски принципи на репродукцијата на домашните животни и тоа: гинекологија, акушерство (породилството), стерилитетот, вештачкото осеменување, физиологијата и патологиите кои се јавуваат во текот на гестацискиот и постпарталниот период кај родилката и кај плодот, главните ендокринолошки процеси кои ја регулираат репродукцијата, и начините на манипулација со истите, современите биотехнологии на асистирана репродукција, андрологијата, заболувањата на млечната жлезда и неонаталните заболувања. На овој начин на идниот доктор по ветеринарна медицина ќе му биде овозможено да се здобие со: знаење за препознавање на индикациите за медицинска интервенција при породилни проблеми, стерилитет, патолошкиа појави кои се јавуваат во текот на гестацијата; способност за давање совети и примена на соодветно лекување при појава на стерилитет; способност за превземање мерки и интервенции со цел да се унапреди продуктивниот и репродуктивниот статус на поединечно животно, како и на стада фармски животни. **Практичната настава** од предметот Репродукција има за цел да ги запознае студентите со: практичните вештини на дијагностицирање на репродуктивните состојби на домашните животни, најбитните интервенции потребни за успешна работа на терен од областа на репродукцијата, породилството и стерилитетот кај животните, апликација на соодветна терапија која е неопходна за подобрување на репродуктивните перформанси како кај		

	производните, така и кај придружните животни, вештачкото осеменување и останатите биотехологии на асистираната репродукција во практиката.
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Вовед. Анатомија на женските полови органи. Физиологија на женските полови органи. Анатомија на машките полови органи. Физиологија на машките полови органи. Физиологија на гравидитетот. Физиологија на породувањето. Физиологија на пуерпериум. Ендокринологија и контрола на размножување - Вовед. Контролирање на почетокот на пубертетот. Контролиран еструс и овулација. Контрола на сезонското размножување. Вештачко осеменување. Контрола на мултипните раѓања и големината на леглото. Контрола на гравидитетот. Контрола на партусот. Контрола на пост-партум периодот. Ембриотрансфер. Добивање на ембриони in vitro. Технологија на клонирање. Добивање на трансгени животни. Супримирање на репродуктивната активност. Стрес и репродукција. Лактација; Патологија на гравидитет. Патологија на породувањето. Патологија на пуерпериумот. Неонатални заболувања на младенчињата. Вештачко осеменување. Заболувања на млечната жлезда. Вродена неплодност кај кравите. Стекната неплодност кај кравите. Екстрагенитален стерилитет. Неплодност кај овците и козите. Неплодност кај свињите. Неплодност кај машките животни. Неплодност кај кобилите. Неплодност кај месојадите **Практична настава** Анатомија на женските и машките полови органи. Гинеколошки преглед на крави. Гинеколошки преглед на кобили. Гинеколошки преглед на месојади. Гинеколошки преглед на мали преживари. Гинеколошки преглед со помош на ултразвук кај големи животни. Гинеколошки преглед со помош на ултразвук кај мали животни. Дијагностика на гравидитет кај крави. Дијагностика на гравидитет кај кобили. Дијагностика на гравидитет кај мали животни. Лабораториски методи за дијагностика на гравидитетот. Подготовка на родилката за породување. Прифаќање, постапка и нега на новороденчето. Основни гинеколошки опрерации. Примена на биотехнички методи во контролата на еструсот и овулацијата. Примена на биотехнички методи во контролата на партусот и лактацијата. Методи за предизвикување на суперовулација, примена на ЕТ и ИВФ. Подготовка на родилката за породување. Акушерски инструменти и порготовка на акушерот. Репозиција на неправилни положби, асистенција при породување. Крвави операции на родилката. Методи на помагање, прибор и постапки при извртување на матката. Клиничка обработка на родилката во пуерпериумот. Земање семе од домашните расподници: подготовка на вештачка вагина, електроејакулација и др. методи. Преглед и оценка на спермата: макро- и микроскопски. Одредување на концентрација на сперматозоидите. Методи за утврдување на морфолошките особини на сперматозоидите; суправитално боење на спермата. Ракување со длабоко замрзната сперма и инструментите за В.О. на крави. В.О. на крави. В.О. мали преживари. В.О. на свињи. В.О. на месојади. В.О. кај останати видови. Преглед на млечната жлезда, Дијагностика на клинички и субклинички маститиси. Дијагностика, терапија и превентива на неплодност кај кравите. Откривање и сузбивање на формите на екстрагениталниот стерилитет. Дијагностика и лекување на неплодноста кај овците и козите. Дијагностика и лекување на неплодноста кај свињите. Дијагностика и лекување на неплодноста кај машките животни. Дијагностика и лекување на неплодноста кобилите. Дијагностика и лекување на неплодноста кај месојадите
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите) Практична настава: теренски и лабораториски вежби и други форми на работа и ангажирање во помали групи (5-8 студенти) Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување

<table>
<tr><td></td><td colspan="4">семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="2">375 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">VII семестар
Теориска настава: 3 часа/неделно (45 часа)
Практична настава: 4 часа/неделно (60 часа)
VIII семестар
Теориска настава: 4 часа/неделно (60 часа)
Практична настава: 5 часа/неделно (75 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>105 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>135 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>135 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="2">Начин на оценување</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>5</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност (знаење) на практичната настава</td><td>10</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки на знаење</td><td>10</td><td>20</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>26</td><td>50</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>51</td><td>100</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се пристапи кон завршниот испит студентот е потребно да освои минимум 40 бодови од теориската, практичната настава и двете континуирани проверки. Во случај кога студентот низ континуираната проверка на знаењето не покажал резултат на една проверка на знаењето, а освоил бодови само за теориска и практична настава, пристапува кон комплетен завршен испит. За да пристапи кон полагањето на завршниот испит, студентот треба да ги има положено: Хемија, Биологија на клетка, Биохемија, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија, Физиологија на животните, Хранливи, лековити и отровни растенија, Исхрана на домашните животни, Сточарство, Анимална хигиена, Паразитологија и паразитни заболувања, Фармакологија, Патолошка физиологија, Патолошка морфологија, Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни, Визуелни дијагностички методи, Клиничка биохемија и Заразни заболувања на домашните животни.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (две):** писмено Прва проверка: Физиологија на репродукција Втора проверка: Ендокринологија и контрола на размножување **Завршен испит:** устен **Комплетен завршен испит:** устен + писмен (вклучува една континуирана проверка)
22.	**Литература**	
	22.1 **Задолжителна литература**	
	Мицковски Г.: Физиологија и патологија на репродукцијата. Ветеринарен Институт-Ветеринарен факултет, 2000, Скопје Поповски К., К'нчев Љ.: Ендокринологија на репродукцијата. Ветеринарен Институт-Ветеринарен факултет, 1998, Скопје	
	22.2 **Дополнителна литература**	

Прилог бр. 3	Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Општа хирургија со анестезиологија**		
2.	**Код**	**ФВМ413**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Четврта година/зимски семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**6**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Пламен Тројачанец** **доц. д-р Ксенија Илиевска**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Положени сите предмети од I до IV семестар, заедно со Патолошка физиологија и Патолошка морфологија. Одработена клиничка/теренска практика во III година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Место кое предметот го зазема во ветеринарското образование**: Предметот треба да ги поттикне студентите на примена на стекнатите знаење од применета анатомија, патологија, патолошка физиологија и фармакологија, за дијагностика на хируршките заболувања на животните, основна обработка на хируршки пациенти како и примена на методите за анестезијата и обезбедување интензивна нега на критичните пациенти. **Цел на предметот:** Студентот да се оспособи за самостојна работа при секојдневната практична работа со животните. При тоа, студентот прегледува животни, воспоставува дијагноза и врши конзервативно и оперативно лечење на хируршки и ортопедски заболувања на животните. Посебно внимание се посветува на пректичните аспекти на анестезиологијата и интензивната нега. **Поврзаност на предметот со претходната и идната едукација**: Предметот е тесно поврзан со сите предклинички предмети, особено со анатомијата, патолошката анатомија и микробиологијата и претставува услов за работа со клинички пациенти.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** I. Општа хирургија: Вовед во хирургијата и хируршка номенклатура. Траума, механизми и ефекти. Локален ткивен одговор на траума или оперативен зафат. Рана и обработка на трауматски повреди. Зараснување на рани. Основни оперативни техники. Принципи на асептична хирургија. Целиотомија. Крварење и хемостаза. Преоперативни подготовки на хируршки пациенти и мониторинг на пациентот за време на оперативниот зафат. Постоперативна нега, инфекција на рани и антимикробијална профилакса. Нутритивен менаџмент на пациентот. Заболувања на кожата, поткожјето и увото. Методи за реконструкција на кожата и поткожјето. Хернии. Перитонитис. Основни принципи на онколошка хирургија. II. Основи на анестезиологија: Општи анетстески принципи. Аналгезија. Анестетски менаџмент. Мониторинг на анестезија. Премедикација. Општа анестезија. Инхалациска анестезија. Анестетски машини и системи. Периоперативни анестетски компликации и ургентни состојби. Специфични анестетски протоколи. Локална анестезија. Флуидна терапија. ЦПР. Евтаназија. **Практична настава** Физичко и хемиско скротување на пациенти. Основни клинички методи. Примена на асепса и антисепса во хирургијата. Предоперативен преглед и евалуација на пациентот. Дезмиургија. Запознавање и ракување со хируршки инструменти. Материјали за сутури. Шевови. Обработка на хируршки пациенти. Контрола на болка. Практични вежби по анестезиологија.			

<table>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење
Запознавање со основите на ветеринарната хирургија и анестезиологија преку интерактивна настава базирана на теоретско интерактивно изложување на материјалот, дискусии и изработка на семинари со кои се поттикнува самостојната работа на студентите поединично или во групи. Практичната настава се состои од работа во помали групи преку изложување на основите на хируршкото лечекување на пациенти како и основите на анестезиологијата, работа во помали групи при стекнување на практичните знаења за основните хируршки методи и техники.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="2">150 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа)
Практична настава: 4 часа/неделно (60 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>30 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>60 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување
Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>минимум</th><th>максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>2</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност на практичната настава</td><td>5</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Тест по општа хирургија</td><td>15</td><td>30</td></tr>
<tr><td>Тест по анестезиологија</td><td>9</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Практичен испит</td><td>20</td><td>40</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>51</td><td>100</td></tr>
<tr><td>Завршен испит (опција)</td><td>24</td><td>45</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td rowspan="6">18.</td><td colspan="2" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Студентите кои присуствувале на помалку од 30% од **теориската настава** не добиваат бодови за присутност; присуство на 30-60% од наставата носи 2,5 бода, додека присуството на повеќе од 60% од наставата носи 5 бода. Студентите кои присуствувале на помалку од 40% од **практичната настава** не добиваат бодови за присутност; присуството на 40-70% од наставата носи 5 бода, додека присуствотот на повеќе од 70% од наставата носи 10 бода.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Тестот по општа хирургија** учествува со **30%** во формирање на оценката. (по правило ќе се одржи една недела по завршување на предавањата). Тестот со помалку од 50% точни одговори нема да се земе во обзир за калкулација. **Тестот по анестезиологија** учествува со **15%** од вкупните бодови. (по правило ќе се одржи една недела по завршување на блокот Анестезиологија). Тестот со помалку од 50% точни одговори нема да се земе во обзир за калкулација. **Практичниот испит** учествува со **40%** од вкупните бодови и претставува услов за стекнување на конечната оценка. **Присутноста на наставата** учествува со **15%**. За секој од деловите од испитот се добива оценка, според критериумите кои ќе бидат наведени на тестовите и на практичниот испит. За калкулација на бодовите, оценката се множи со процентот на учество во конечната оценка и уште со 10, со што се добива износ на бодовите од поедините делови од испитот. Конечната оценката се формира како збир на бодовите од тестовите, практичниот испит, кон кои се додаваат освоените бодови од присутноста на наставата. Студентите кои не добиле позитивна оценка од двата теста или не се задоволни од успехот на тестовите, можат да полагаат завршен испит. Во тој случај, бодовите од тестовите не влегуваат во калкулација. Полагањето на тестовите се изведува во точно зададен термин. Тестовите можат да се полагаат уште најмногу два пати, по што предметот се презапишува. Понатамошните термини за полагање се истакнуваат на почеток на испитните сесии.
22.	**Литература**	
	22.1 **Задолжителна литература**	

		Тројачанец П., *Прирачник по општа хирургија*, 2005, Факултет за Ветеринарна медицина Скопје; Тројачанец П., *Основи на ветеринарна хирургија*, 2005, Факултет за Ветеринарна медицина Скопје; Тројачанец П., Илиевска К., 2009, Основи на ветеринарната анестезиологија
	22.2	**Дополнителна литература**
		Slatter Douglas, *Textbook of small animal surgery* 2nd edtition, 2002 Sounders; Fossum Theresa W., *Small animal surgery* 2nd ed., 2002 Mosby; Thurmon J.C., Tranquilli W.J., Benson G.J.Lumb & Jones *Veterinary Anesthesia* 3rd edition. 1996,Williams &Wilkins; Perimatei D., Flo G., DeCamp C. *Small animal orthopedics and fracture repair* 2006 Saunders; Harari J. *Small animal surgery* 1996 Williams & Wilkins; Swaim S., Henderson R. Small animal wound management 1990 Williams & Wilkins;

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Заразни заболувања на домашните животни**		
2.	**Код**	**ФВМ414**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Четврта година/летен семестар, петта година/ зимски семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**9,5**
8.	**Наставник**	**доц. д-р Кирил Крстевски**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од V до VII семестар. Одработена клиничка/теренска практика во III година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Студентите да се запознаат со карактеристиките на инфективните заболувања, методите за нивна дијагностика, терапија и контрола.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска и практична настава** Лигавка и шап, везикуларна болест кај свињите, везикуларен стоматитис, везикуларен егзантем кај свињите, папулозен стоматитис кај говедата. Говедска чума, коњска чума, болест на син јазик, заразна корица кај говедата. Сипаници кај сите видови, лажни сипаници кај говедата, болест на чвореста кожа, заразен ектим кај овците и козите, улцеративен мамилитис кај говедата. Свинска чума, африканска свинска чума. Кју треска, треска на рифтската долина (Rift Valley Fever), западно-нилска треска (West Nile Fever), ексудативен перикардитис (Heartwater). Петехијална треска кај говедата, ефемерна треска кај говедата, заразен кератоконјунктивитис кај говедата, овците и козите. Трансмисивен гастроентеритис кај свињите, епизоотски вирустен пролив кај свињите, заразен (Treponema) гастроентеритис кај свињите. Заразен вирустен пролив и болест на лигавиците кај говедата, заразна плевропневмонија кај говедата, овци, кози и коњи. Актинобациларна и микоплазматска плевропневмонија кај свињите. Инфлуенца кај коњите, параинфлуенца кај говедата, инфлуенца кај свињите, Респираторни инфекции со адено вируси, риновирусни инфекции, реовирусни инфекции, пневмококози. Полен осип и заразен ринотрахеитис кај говедата			

	(ИБР/ИПВ), полен осип кај коњите, заразен катар на вулвата кај говедата, инфективна анемија кај коњите. Аујецкиева болест, заразна одземеност кај свињите. Спонгиформна енцефалопатија кај говедата, Scrapie, Looping ill кај овци, беснило. Антракс (Црн пришт), пастерелоза, атрофичен ринитис кај свињите, лептоспироза, салмонелоза, листериоза. Црвен ветер (Erysipelas suum), Глесерова болест кај свињите. E. coli инфекција кај телиња и прасињата, коли ентеротоксемија, едемска болест кај свињите. Гасни едеми: шуштавец, малигнен едем, брадсот, ентеротоксемии, тетанус, ботулизам. Туберкулоза, паратуберкулоза, псевдотуберкулоза. актиномикоза, ботриомикоза. Бруцелоза кај говеда, овци/кози, свињи, коњи, месојади, живина, човек. Заразна кривотница кај овците, некробацилоза. Маститиси, заразна агалакција кај овците и козите, гангренозен маститис кај овците и козите. Респираторен / Репродуктивен синдром кај свињите, парвовирусна инфекција кај свињите. Заразен (Campilobacter) абортус кај овците и говедата, ензоотски (chlamidia) абортус кај овците. Микоплазмози кај говеда, свињи, овци/кози, коњи, месојади, други животни. Maedi visna и Smaedi инфекција кај овците и козите. Леукози (говеда, овци, коњи, свињи, мачки, кучиња, други видови). Папиломатоза кај говедата, кози, питоми зајаци, коњи, свињи, кучиња, човек. Штенечак, парвовироза кај кучињата, инфективен хепатитис кај кучињата, коронавирусен ентеритис, панлеукемија кај мачки, инфективен перитонитис кај мачки.			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите). Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи. Видео презентации и дискусија со активно учество на студентите. Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**237,5 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		VIII семестар Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа) IX семестар Теориска настава: 3 часа/неделно (45 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**75 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудириски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	
		16.3	**Домашно учење**	**87,5 часа**
17.	**Начин на оценување**			

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	Бодови	
	минимум	максимум
Присуство на теориска настава	12	15
Присуство и активност на практичната настава	12	15
Континуирани проверки (две)	20	40
Завршен испит	16	30
Вкупно:	60	100

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**
19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се пристапи кон завршниот испит, студентот треба да освои минимум 40 бодови од теориската, практичната настава и континуираните проверки. За да пристапи кон полагање на завршниот испит, студентот треба да ги има положено: Хемија, Биологија на клетка, Биохемија, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија, Физиологија на животните, Хранливи, лековити и отровни растенија, Исхрана на домашните животни, Сточарство, Анимална хигиена, Паразитологија и паразитни заболувања, Фармакологија, Патолошка физиологија, Патолошка морфологија, Клиничка и лабораториска дијагностика на домашни миленици и копитари, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни, Визуелни дијагностички методи, Клиничка биохемија, Внатрешни болести на домашни миленици и копитари и Внатрешни болести на фармски животни.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**	
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (две):** писмено **Завршен испит:** устен	
22.	**Литература**		
	22.1	**Задолжителна литература**	
		1. Djordje Panjevic: Zarazne bolesti zivotinja – virusne etiologije. Veterinarski fakultet Beograd, 1989. 2. Djordje Panjevic: Zarazne bolesti zivotinja – bakterijske etiologije. Veterinarski fakultet Beograd, 1989. 3. Djordje Panjevic: Zaraze domacih zivotinja – opsti deo. Naucna knjiga, Beograd, 1986. 4. Slavko Cvetnic: Virusne bolesti zivotinja, Stvarnost - JAZU, Zagreb, 1983.	
	22.2	**Дополнителна литература**	

	– Radostits, O. M., C. C. Gay, K. W. Hinchcliff, P. D. Constable (2007): Veterinary Medicine, A A Textbook of the Diseases of Cattle, Horses,Sheep, Pigs and Goats, 10th Ed. , W. B.Saunders. (преведена на македонски јазик) ***Интернет страници:*** – http://www.cfsph.iastate.edu/DiseaseInfo/index.php – Merck Veterinary Manual (http://www.merckvetmanual.com/mvm/index.jsp) – DEFRA (http://www.defra.gov.uk/foodfarm/farmanimal/diseases/atoz/index.htm#a) – FAO (www.fao.org) – Terrestrial Animal Health Code (http://www.oie.int/eng/normes/mcode/en_sommaire.htm) – Manual of Diagnostic Tests and Vaccines for Terrestrial Animals (http://www.oie.int/eng/normes/mmanual/a_summry.htm) Напомена: Пребарувањето на болестите на наведените интернет страници е по нивниот англиски назив!

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Внатрешни болести на фармски животни**		
2.	**Код**	**ФВМ415**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Четврта година/зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**11**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Дине Митров** **доц. д-р Игор Цаџовски**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Положени сите предмети од I до IV семестар, заедно со Патолошка физиологија и Патолошка морфологија. Одработена клиничка/теренска практика во III година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориската и практичната настава** од предметот Внатрешни болести на фармски животни опфаќа наставни дисциплини од повеќе области кои преку теориската и практичната настава ќе бидат претставени на студентите. Практичната настава се изведува на терен. На терен ќе се врши клинички преглед, ќе се разгледуваат наодите, се поставува дијагнозата и се врши терапија.			
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска и практична настава** I. Внатрешни болести на говеда, овци и кози: Вовед, болести на устата, јазикот, плунковите жлезди, голтникот, забите и хранопроводот. Болести на преджелудниците: Вовед, класификација. Едноставна индигестија. Кисела индигестија. Паракератоза. Базна индигестија. Гниење на содржината на шкембето. Трауматска индигестија. Метеоризам на шкембето. Пареза на листавецот. Индигестија како резултат на оштетување на вагусот. Останати заболувања на преджелудниците. Болести на сириштето. Воспаление на цревата. Зимска дизентерија. Пролив кај новородени телиња. Алиментарен пролив кај телиња. Промена на положбата на сириштето. Инвагинација на цревата. Инкарцерација и странгулација на цревата. Волвулус на цревата. Дилатација и торзија на цекумот. Перитонитис. Болести на црниот дроб. Болести на панкреасот. Болести на органите за дишење: нос, синуси, ларинкс. Конгестија и едем на белите дробови. Пневмонија (бронхопневмонија, гангренозна, гнојна, емболична и			

	микотична пневмонија). Ензоотска пневмонија кај телиња. Вирусна пневмонија кај телиња и јунци. Болести на кардиоваскуларниот систем кај преживни животни. Болести на уринарниот систем - нефроза, амилоидоза на бубрезите, нефритиси (акутен, хроничен, гноен), бактериски пиелонефритис. Циститиси, парализа на мочниот меур, хронична везикуларна хематурија, уролитијаза. Болести на крвта и на хематопоезните органи. Хеморагична дијатеза. Болести на слезената. Болести на ЦНС. Нарушувања на метаболизмот (метаболичка остеопатија, рахитис и остеомалација). Кетоза. Пуерперална пареза. Атипична пуерперална пареза. Тетанија. Дефицит на микроелементи, Рахитис, Остеомалација. Алотриофагија. Хиповитаминози и авитаминози. Пореметување на енергетскиот метаболизам. Болести на органите за движење. Болести на кожата. Општо за труењата. Труење со бакар, цинк, жива, олово и молибден. Труење со арсен, селен, каустични бази, готварска сол. Труење со уреа, фосфор, сулфур, хлор, хлорирани јагленводороди. Труење со растителни отрови. Микотоксикози. Ботулизам. Труење со животински отрови. II. Внатрешни болести кај свињите: Болести на органите за варење. Болести на устата, голтникот. Затнување на хранопроводот. Желудечно-цревни катари. Чир на желудникот. Колибацилоза кај прасиња. Едемска болест. Заразен гастроентеритис. Дизентерија. Промена на положбата на цревата. Болести на црниот дроб. Болести на органите за дишење: ринитис, атрофичен ринитис. Бронхитис. Пневмонии и пневмомикози. Болести на органите за циркулација: срцеви грешки, срцев удар (срцева капка). Болести на органите за мокрење: Нефритис, Пиелонефритис, Циститис, Уролитијаза. Болести на крвта и хематопоезните органи: Анемија, Хемоглобинемија, Хемоглобинурија. Болести на ЦНС: Сончаница и топлински удар. Менингитиси. Енцефалитиси. Пареза и Парализи. Отитис интерна. Пореметувања на метаболизмот на макро- и микроелементите. Хипо и авитаминоза. Кетоза. Хипогликемија. Болести на органите за движење: Ревматизам, Миопатии. Воспалување на зглобовите и серозите. Болести на кожата: екцеми, дерматитиси. Егзантем. Дерматомикоза.			
12.	**Методи на учење** Теориска настава: интерактивна (предавања во голема група со дискусија и ангажирање на студентите). Практична настава: вежби и други облици на работа во помали групи. Семинарски труд: учење со користење стручна литература и интернет, изготвување семинарски труд (есеј/постер); презентација и дискусија за семинарскиот труд.			
13.	**Вкупен расположлив фонд на време**		**275 часа**	
14.	**Распределба на расположливото време**		VII семестар Теориска настава: 3 часа/неделно (45 часа) Практична настава: 3 часа/неделно (45 часа) VIII семестар: Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа) Практична настава: 3 часа неделно (45 часа)	
15.	**Форми на наставните активности**	**15.1**	**Предавања-теориска настава**	**90 часа**
		15.2	**Вежби (лабараториски, аудириски), семинари, тимска работа**	**75 часа**
16.	**Други форми на активности**	**16.1**	**Проектни задачи**	
		16.2	**Самостојни задачи**	

<table>
<tr><td></td><td></td><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>110 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="4">Начин на оценување</td></tr>
<tr><td></td><td colspan="4">Бодување на активностите на студентот:
<table>
<tr><th rowspan="2">Вид на активност</th><th colspan="2">Бодови</th></tr>
<tr><th>Минимум</th><th>Максимум</th></tr>
<tr><td>Присуство на теориска настава</td><td>10</td><td>15</td></tr>
<tr><td>Присуство и активност (знаење) на практична настава</td><td>17</td><td>22</td></tr>
<tr><td>Семинарски труд</td><td>0</td><td>8</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки,</td><td>10+10 (20)</td><td>20+20 (40)</td></tr>
<tr><td>Завршен колоквиум</td><td>5</td><td>5</td></tr>
<tr><td>Завршен испит</td><td>0</td><td>10</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>52</td><td>100</td></tr>
<tr><td>Целосен завршен испит</td><td colspan="2"><u>Оценка/Бодови</u>
Шест (6) / 20
Седум (7) / 25
Осум (8) / 31
Девет (9) / 38
Десет (10) / 45</td></tr>
</table></td></tr>
<tr><td>18.</td><td colspan="2">Критериуми за оценување (бодови/оценка)</td><td>до 50 бода</td><td>5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 51 до 60 бода</td><td>6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 61до 70 бода</td><td>7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 71до 80 бода</td><td>8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 81до 90 бода</td><td>9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td>од 91 до 100 бода</td><td>10 (десет) (A)</td></tr>
</table>

19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	За да се здобие право на полагање на завршниот испит, потребно е студентот да освои минимум 40 бода од теориската и практичната настава, контидуираните проверки и завршниот колоквиум . Доклолку студентот не го освои потребниот минимум од првата контролна проверка, нема право на полагање на втората. Студентите кои нема да ги поминат контролните проверки пристапуваат (доколку го имаат освоено потребниот минимум) кон полагање на целосен завршен испит. Целосниот завршен испит се состои од писмен и устен дел, а во зависност од оценката со која ќе биде оценет, студентот ќе добие соодветен број на бодови. Завршниот испит го полагаат студентите кои имаат освоено минимум 60 бодови по основ на теориската и практичната настава, контидуираните проверки и завршниот колоквиум, а сакаат повисока оценка од онаа која е предвидена според бројот на бодовите кои ги имаат освоено. Студентот ќе добие бодови само доколку неговиот одговор е соодветен на оценката за која се залага студентот. Завршниот колоквиум е задолжителен и се полага практично на фарма. За да пристапи кон полагање на завршниот испит, студентот треба да ги има положено: Хемија, Биологија на клетка, Биохемија, Анатомија на животните, Хистологија со ембриологија, Физиологија на животните, Хранливи, лековити и отровни растенија, Исхрана на домашните животни, Сточарство, Анимална хигиена, Паразитологија и паразитни заболувања, Фармакологија, Патолошка физиологија, Патолошка морфологија, Клиничка и лабораториска дијагностика на фармски животни, Визуелни дијагностички методи и Клиничка биохемија.
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**
21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Континуирана проверка на знаењето (две):** писмено **Завршен испит:** писмен-устен **Комплетен завршен испит:** устен + писмен
22.	**Литература**	
	22.1 Задолжителна литература	

		1. Srbislav M. Stamatovic, Miodrag J. Jovanovic: Bolesti papkara I Bolesti goveda. Veterinarski fakultet Beograd, 1988. 2. Srbislav M. Stamatovic, Miodrag J. Jovanovic: Bolesti papkara II Bolesti ovaca i koza. Veterinarski fakultet Beograd, 1988. 3. Srbislav M. Stamatovic: Bolesti svinja. VKS, Beograd, 1993. 4. Forenbacher, S: Klinicka patologija probave i mijene vari domacih zivotinja. Svezak I/1-Klinicka patologija probave i resospcije. JAZU, Zagreb 1975. 5. Forenbacher, S: Klinicka patologija probave i mijene vari domacih zivotinja. Svezak I/2 Klinicka patologija probave i resorpcije JAZU, Zagreb 1983. 6. Merck Veterinary Manual. 7. Bradford P. Smith: Large Animal Internal Medicine. 2008
	22.2	**Дополнителна литература**

Прилог бр. 3	**Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии**			
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Специјална хирургија со ортопедија**		
2.	**Код**	**ФВМ416**		
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**		
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**		
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**		
6.	**Академска година / семестар**	**Четврта година/ летен семестар; Петта година/ зимски семестар**	**Број на ЕКТС кредити**	**10**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Пламен Тројачанец** **доц. д-р Ксенија Илиевска**		
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од V до VII семестар. Одработена клиничка/теренска практика во III година.		
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Место кое предметот го зазема во ветеринарското образование**: Предметот треба да обезбеди примена на стекнатите знаења на студентите од предходните дисциплини за дијагностика и терапија на хируршките и ортопедските заболувања на фармските животни, домашните миленици и копитари. **Цел на предметот:** Студентот да се оспособи за самостоен преглед, дијагноза и изведување на најчестите хируршки интервенции кај фармските животни, домашните миленици и копитари. При тоа, студентот ќе се обучи да изведува хируршки преглед на пациенти, врз основа на анамнезата, клиничкиот наод и лабораториските испитувања да поставува дијагноза, да изведува конзервативно и оперативно лечење на хируршки и ортопедски проблеми кај фармските животни, домашните миленици и копитарите, како и да спроведе соодветна постоперативна нега и прогноза за конечниот исход. Обуката треба да ги развие и способностите за хумано и одговорно однесување со пациентите во текот на манипулацијата и скротувањето, правилен однос и комуникација со сопствениците и колегите. **Поврзаност на предметот со претходната и идната едукација**: Предметот е тесно поврзан со сите предклинички предмети, особено со анатомијата, патолошката анатомија и микробиологијата и претставува услов за изведување на клиничката практика.			

<table>
<tr><td>11.</td><td colspan="4">Содржина на предметната програма
Теориска настава
I. Хирургија на домашни миленици и копитари: Хирургија на респираторен систем. Гастроинтестинална хирургија. Хируршки третман на колики кај коњи. Хирургија на перинеумот, ректумот и анусот. Хируршки заболувања на ендокрините и хематопоетските органи. Општи ортопедски принципи. Хируршки заболувања на локомоторниот систем (миленици и копитари). Урогенитална хирургија. II. Хирургија на фармски животни: Основни принципи на хирургија на фармски животни. Хирургија на глава и врат. Абдоминална хирургија. Урогенитална хирургија (женски животни). Урогенитална хирургија (машки животни). Хирургија на млечна жлезда. Хирургија на локомоторен систем.
Практична настава
I. Домашни миленици и копитари: Преглед и техники на изведба на оперативни зафати на глава. Преглед и техники на изведба на оперативни зафати на гастро-интестинален систем. Хируршки зафати на локомоторен систем. Хируршки зафати на уринарен систем. Хируршки зафати на репродуктивниот систем. II. Фармски животни: Приод и фиксација на животни. Оперативни зафати на глава. Оперативни зафати на гастро-интестинален систем. Оперативни зафати на урогенитален систем. Оперативни зафати на локомоторен систем. Оперативни зафати на млечна жлезда</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="4">Методи на учење
Запознавање со техниките за изведување хируршки зафати на поедини органски системи преку интерактивна настава базирана на теоретско изложување на материјалот, дискусии и изработка на семинари со кои се поттикнува самостојната работа на студентите поединечно или во групи. Практичната настава се состои од практична работа во помали групи на хируршки пациенти, при што ќе се овозможи совладување на техниките на хируршко лечење со постоперативна нега, анестезија и аналгезија на хируршки пациенти, пружање интензивна нега и мониторинг на критични пациенти.</td></tr>
<tr><td>13.</td><td colspan="2">Вкупен расположлив фонд на време</td><td colspan="2">265 часа</td></tr>
<tr><td>14.</td><td colspan="2">Распределба на расположливото време</td><td colspan="2">VIII семестар
Теориска настава: 3 часа/неделно (45 часа)
Практична настава: 4 часа/неделно (60 часа)
IX семестар
Теориска настава: 2 часа/неделно (30 часа)
Практична настава: 2 часа/неделно (30 часа)</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теориска настава</td><td>75 часа</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабараториски, аудириски), семинари, тимска работа</td><td>90 часа</td></tr>
<tr><td rowspan="3">16.</td><td rowspan="3">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td></td></tr>
<tr><td>16.3</td><td>Домашно учење</td><td>100 часа</td></tr>
<tr><td>17.</td><td colspan="2">Начин на оценување</td><td colspan="2"></td></tr>
</table>

Бодување на активностите на студентот:

Вид на активност	*Бодови*	
	минимум	*максимум*
Присуство на теориска настава	**3**	**5**
Присуство и активност (знаење) на практичната настава	**5**	**10**
Устен/писмен испит – домашни миленици и копитари	**25**	**50**
Устен/писмен испит – фармски животни	**20**	**35**
Вкупно:	**53**	**100**

Завршен испит(опција)	***55***	***85***

18.	**Критериуми за оценување (бодови/оценка)**	**до 50 бода**	**5 (пет) (F)**
		од 51 до 60 бода	**6 (шест) (E)**
		од 61до 70 бода	**7 (седум) (D)**
		од 71до 80 бода	**8 (осум) (C)**
		од 81до 90 бода	**9 (девет) (B)**
		од 91 до 100 бода	**10 (десет) (A)**
19.	**Услов за потпис и полагање на завршен испит**	Студентите кои присуствувале на помалку од 30% од **теориската настава** не добиваат бодови за присутност; присуство на 30-60% од наставата носи 3 бода, додека присуството на повеќе од 60% од наставата носи 5 бода. Студентите кои присуствувале на помалку од 40% од **практичната настава** не добиваат бодови за присутност; присуството на 40-70% од наставата носи 5 бода, додека присуствотот на повеќе од 70% од наставата носи 10 бода. За да може да земе завршна оценка или да пристапи кон полагање на завршен испит, студентот треба да ја има положено Општа хирургија со анестезиологија.	
20.	**Јазик на кој се изведува наставата**	**Македонски**	

21.	**Метод на следење на квалитетот на наставата**	Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности со коишто освојува бодови како дел од завршното оценување. **Усниот/писмениот испит – домашни миленици и копитари** учествува со **50%** во формирање на оценката. (по правило ќе се одржи една недела по завршување на предавањата). **Усниот/писмениот испит – фармски животни** учествува со **35%** од вкупните бодови. (по правило ќе се одржи една недела по завршување на предавањата). **Присутноста на наставата** учествува со **15%**. Студентите имаат право да изработат еден семинарски труд, кој може да донесе до **5 бода**. За секој од деловите од испитот се добива оценка, според критериумите кои ќе бидат наведени на тестовите и на практичниот испит. За калкулација на бодовите, оценката се множи со процентот на учество во конечната оценка и уште со 10, со што се добива износ на бодовите од поедините делови од испитот. Конечната оценката се формира како збир на бодовите од тестовите, практичниот испит, кон кои се додаваат освоените бодови од присутноста на наставата. Студентите кои не добиле позитивна оценка од двата испита или не се задоволни од успехот на парцијалните испити, можат да полагаат завршен испит. Во тој случај, бодовите од испитите не влегуваат во калкулација. Полагањето на испитите се изведува во точно зададен термин. Испитите можат да се полагаат уште најмногу двапати, по што предметот се презапишува. Понатамошните термини за полагање се истакнуваат на почеток на испитните сесии.
22.	**Литература**	
	Задолжителна литература	
	22.1	Материјали од предавањата Тројачанец П., *Прирачник по општа хирургија*, 2005, Факултет за Ветеринарна медицина Скопје; Тројачанец П., *Основи на ветеринарна хирургија*, Факултет за Ветеринарна медицина Скопје; Тројачанец П., Илиевска К., 2009, Основи на ветеринарната анестезиологија
	22.2	**Дополнителна литература**
		Slatter Douglas, *Textbook of small animal surgery* 2nd edtition, 2002 Sounders; Fossum Theresa W., *Small animal surgery* 2nd ed., 2002 Mocsby; Thurmon J.C., Tranquilli W.J., Benson G.J.Lumb & Jones *Veterinary Anesthesia* 3rd edition. 1996, Williams &Wilkins; Perimatei D., Flo G., DeCamp C. *Small animal orthopedics and fracture repair* 2006 Saunders; Harari J. *Small animal surgery* 1996 Williams & Wilkins; Swaim S., Henderson R. Small animal wound management 1990 Williams & Wilkins; Weawer, St Jean, Steiner Bovine surgery and lameness, 2005 2nd edition Blackwell

Прилог бр. 3	Предметна програма од прв, втор и трет циклус на студии		
1.	**Наслов на наставниот предмет**	**Хигиена и технологија на месо, риби, јајца и мед**	
2.	**Код**	**ФВМ511**	
3.	**Студиска програма**	**Ветеринарна медицина**	
4.	**Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)**	**Факултет за ветеринарна медицина во Скопје**	
5.	**Степен (прв, втор, трет циклус)**	**Прв и втор циклус интегрирани студии**	
6.	**Академска година / семестар**	**Петта година/ зимски, летен семестар**	**Број на ЕКТС кредити** **8,5**
8.	**Наставник**	**проф. д-р Павле Секуловски** **проф. д-р Деан Јанкулоски** **доц. д-р Сандра Мојсова**	
9.	**Предуслови за запишување на предметот**	Отслушани сите предмети од V до VIII семестар. Одработена клиничка/теренска практика во IV година.	
10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** **Теориска настава** Со предметот се опфатени хигиената и надзорот на производство на месо од сите видови добиток за колење. Исто така се дава осврт и на ветеринарно-санитарниот надзор на другите производи од анимално потекло како риби, јајца и мед. Студентите се запознаваат со принципите за благосостојбата на животните при транспотрот, приемот во кланицата и престојот во добиточното депо, начините на хумано колење. Во целост се презентираат карактеристиките кои треба да ги исполнуваат кланиците за различни животински видови, како и погоните за преработка на месото, рибите, јајцата и медот. Се опфаќаат сите аспекти на премортални от преглед на добитокот и пост-морталниот преглед на труповите на закланите животни. Се опишуваат процесите кои водат кон конверзија на мускулот во месо, како и процесите на конзервирање на месото. Се дава осврт на постапката и третманот на отпадните материи од кланиците и индустријата за анимални производи. Исто така се презентира технологијата на производите од месо, риби, јајца и мед. **Практична настава** Практичната настава е поделена во лабораториска и теренска. Лабораториската настава вклучува запознавање со методите за определување на квалитетот на месото, рибите, јајцата, медот и нивните производи и практично изведување на анализите. Теренската настава има за цел директно да ги запознае студентите со кланиците, колењето на добитокот и кланичка обработка на труповите, класирање на труповите и категоризација на месото. Студентите имаат можност да вршат преглед на добитокот пред и по колење. При пост-морталниот преглед на линија за колење, студентите се стекнуваат со знаења за проценка на безбедноста на месото и органите. Освен тоа теренската настава вклучува и посета на објекти за преработка на месо при што студентите имаат увид во технологијата и процесите при преработката на месото. Вклучена е и посета на објекти за преработка на полжави и за преработка на мед.		
11.	**Содржина на предметната програма** **Теориска настава** Вовед во предметот. Животни и птици како извори на месо. Погони за колење на животни и производство на месо. Од фарма до кланица (прекланична фаза). Колење и обработка. Постмортална инспекција. Анатомија, состав на месо и квалитет. Конверзија на мускулатура во месо. Споредни производи од месната индустрија. Основи на конзервирање и преработка на месо. Иситнети и обликувани термички необработени производи од месо. Солени и		

	саламурени производи од месо. Термички обработени производи од месо. Термички обработени и саламурени производи од месо. Ферментирани колбаси. Конзерви од месо. Сушени, чадени и средно влажни производи од месо и месни екстракти. Хигиена на месо од живина. Хигиена на месо од дивеч и зајаци. Хигиена на риби и производи од риби. Хигиена на ракови, мекотели, жаби и полжави. Хигиена на јајца и производи од јајца. Хигиена на мед и други производи од пчели. **Практична настава** Посета на кланица за свињи и говеда и запознавање со карактеристиките на објектите и начинот на работење од прием на добитокот до готов производ и третманот со отпадните материи. Преглед пред колење на говеда, колење и кланичка обработка. Преглед пред колење на свињи, колење и кланичка обработка. Кланица за живина, прием на живината, колење, обработка, третман на отпадните материи. Ветеринарно санитарен преглед на трупот и органите. Проценка на употребливост на месото и органите и специфични ризици по здравјето на луѓето и добитокот. Класирање на трупови и категоризација на месо. Проценка на квалитетот на месото. Посета на објект за преработка на месо и запознавање со карактеристиките на погонот и технологија на процесите. Посета на објект за преработка на полжави и запознавање со карактеристиките на погонот и технологија на процесите. Посета на објект за преработка на мед. Преглед на производи од месо. Преглед на риби и нивни производи. Преглед на јајца и нивни производи. Преглед на мед и нивни производи.			
